СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 1993 година

Скопје, мај 1993 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 62-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 18.V.1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

Стр.25 т.13 (продажба на станови во Општ.сопств. гр.граѓани)

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 2, 3, 8, 15, 41
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 10, 65
3. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 11, 46, 89
4. АРНАУДОВСКИ ЛАМБЕ - 12
5. АЛИУ ХАМИД - 19
6. АНТОВСКИ КОСТА – 25 (Претставник н апредлагачите на група граѓани по Законот за продажба на станови)
7. АБДИ ФАИК - 93
8. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 43
9. ГОШЕВ ТУШЕ – 1, 21, 22, 97
10. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 17
11. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 96, 97
12. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 17
13. ЗФИРОВ ЈОРДАН - 94
14. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 41
15. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 54
16. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА – 71, 74, 76, 86
17. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО – 32, 34, 76
18. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 52, 86, - води седница
19. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 93
20. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 36
21. МИЛКОВСКИ СТРАШО - 45
22. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 48, 50, 68
23. МУРТЕЗАНИ АБДИ - 95
24. ПРЕВАЛА ШАБАН – 8, 96
25. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 52
26. ПАУНОВСКИ ТОДОСИЕ - 60
27. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 77
28. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 59
29. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 62, 65, 75, 91
30. СПИРОВСКИ ИГОР – 82 – чита список
31. ТОДОРОВА СОФИЈА – 13, 14, 15, 19 (министер за развој)
32. ТАИРИ ЏЕЛО – 16, 91, 95
33. ТРАЈКОВСКА ПЕТАР - 69
34. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 81
35. ЏАФЕРИ НЕЏАТИ - 21
36. Заменик министер за труд и соц.политика - 88

КРАЈ

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на 62-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 1993 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала бр. 1) со почеток во 11,5 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За денешната седница своето отсуство го најавија следните пратеници: Ристо Стаменов, Љубосав Иванов, Благоја Чкатровски, Димитар Димитровски, Васил Зимбаков, Благој Ханџиски, од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Господинот Туше Гошев ќе каже нешто во име на Владата во врска со точките на дневен ред.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во врска со точката 10 од дневниот ред каде се предлага законот за донесување за измена и дополнување на Кривичниот закон на Република Македонија, Владата го повлекува законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добив писмено обраќаше од пратеникот Шабан Превала кој предлага сега да расправаме прво, по точката 14 и 15, а потоа да се вратиме на овие точки кои се сега на дневен ред. Наведува причини за тоа дека тие чинат целина со веќе донесените закони и нема оправдување сега овие акти да не бидат донесени откога се тие закони веќе донесени.

Дали се прифаќа предлогот? (се прифаќа)

Минуваме на **точката 14** Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно- кредитната  политика во!1993 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет и

Законодавноправната комисија, како и мислењето на Владата на Република Македонија Ви. се:доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас сосема накратко ќе изнесам свое гледање по однос на Одлуката што ја имаме од страна на Народна банка на Македонија во врска со утврдувањето на целите и задачите на понетарнокредитната политика за 19 93 година. Мораме во овој момент да констатираме дека Одлуката ја донесуваме со големо задоцнување. Сметам дека оваа одлука треба да се донесува секогаш во почетокот на годината и целите и задачите на кредитно- монетарната политика мораат да бидат утврдени во почетокот на годината,. затоа што стопанските субјекти само врз основа на така утврдена одлука за кредитно монетарната политика можат да формираат за себе, за понатамошното изградување на своите односи во тековната година. Тоа е првата констатација.

Втора, одлуката за целите и задачите на кредитно- монетарната политика се донесува врз основа на макроекономската политика што сега е веќе изменет односот кон утврдувањето, односно градењето на макроекономската политика. Познато е дека и со Уставот таа обврска останува на Владата, а ние само како Собрание сме известени од страна на

Владата, или сме информирани во врска со градењето на макроекономската политика. Во тој контекст и оваа одлука претрпе определена измена бидејќи и макроекономската политика скоро во основа, скоро за 50% е коригирана од страна на Владата и во рамките на тие корекции скоро во сите основи, во рамките на тие корекции коригирана е и одлуката за„целите' и задачите на монетарно- кредитната политика. Оттука сакам на/одреден начин да ја лоцирам и одговорноста во делот на водењето на кредитно- монетарната политика, а за прв пат Народна банка на Република Македонија самостојно ги утврдува своите цели и задачи врз основа на изградената проекција, односно врз основа на изградената проекција која што е изградена, односно е изготвена врз основа на макроекономската политика во рамките на Владата. Во тој контекст посебно./сакам да истакнам за промените кои што се настанати во самата проекција која што базира врз основа на макроекономската политиќа.1 Имаме радикални промени во делот на проекцијата каде што во основа се изменети и делот на економските параметри. Сметам дека треба да се донесе одлуката, со тоа што сметам дека ова укажување треба да го имаме во предвид и Народната банка на Република Македонија понатаму, или во текот на своите надлежности не би требало да доцни со предлагањето на проекцијата која што е основа за изградуваше на проектите, односно за реализацијата на обврските кај стопанските субјекти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Јас ќе се обидам да кажам нешто.

Почитувани дами и господа, пратеници, оваа точка на дневен ред не соочува со одговорноста на Собранието да ја изврши својата задача во обидот Република Македонија да почне да ги согледува, уредува, регулира, па и планира економските текови.

Овде се соочуваме ние првпат во нашата практика, сами ние овде со еден многу важен сегмент на општите економски токови, оние кои се во монетарната с,вера да се соочиме и по нив да се определиме. Одлуката за целите и задачите на монетарно- кредитната политика во 1993 година има како што се вели и во неа и во проекцијата дека ќе се води рестриктивна политика значи има рестриктивен карактер. Таа без оглед на високата стапка на пораст на паричната маса кои ги предвидува, таа има.;намера да делува стабилизационо на сите текови. Степенот на рестриктивноста колку што досега можев да ја следам расправата во стопанските кругови во нашата држава се оценуваше како многу остра и се укажуваше дека во повеќе области" ќе се причинат одредени тешкотии кои потешко ќе можат да бидат совладувани. Меѓутоа, јас мислам дека ние треба да ја прифатиме оваа одлука вака како што ни е предложена. Мислам дека е добро конципирана и дека таа навистина. ќе отвори одредени расправи и тешкотии во нашето стопанство, но и ќе индицира во кои точки се наоѓаат тие проблеми и на кој начин ние ќе се одлучиме нив да ги решаваме. Меѓутоа, треба да знаеме дека оваа политика што е овде зацртана ќе треба сама за себе, ќе бара доволно знаење и храброст за да може да се остварува. Но, таа е неодвоиво поврзана со состојбите во целата фискална сфера и сферата на потрошувачката. Оваа е правена во услови кога Република Македонија ги трпи последиците на кризата која се изразува и настанува заради процесот на транзиција, премир на пазарно стопанство, но ги трпи и последиците и тоа крупните последици од војната во некои"подрачја на бивша Југославија, блокадите кои се воспоставени и прекинот на комуникациите и губењето на некои значајни пазари. Сите тие комплексни причини Република Македонија ја доведуваат во тешка економска состојба. Оваа одлука ние ја донесуваме во услови кога

Републиката ги нема уредено своите односи со своите доверители и ги нема уредено односите со меѓународните финансиски институции и меѓу; народни други важни финансиски субјекти од чие држење ќе биде многу - значајно каква ќе биде судбината на економскиот развој и економската состојба во Републиката но исто така, каква ќе биде состојбата и колку ќе биде остварена и оваа, одлука. Затоа треба да обрнеме внимание на уште еден значаен факт дека ние во оваа година и сега кога расправаме за оваа одлука, сепак располагаме со еден дополнителен значаен фактор. Ако оваа одлука пред некое време ја разгледувавме и ја усвојувавме ние не ќе можевме да сметаме на тој фактор. А тој фактор е околноста што Република Македонија е сега член на Меѓународниот монетарен фонд. Зошто е тоа значајно? Затоа што мислам дека Владата е должна,сега да ги почне сите подготовки и за тоа да ја информира јавноста за заклучување на соодветен аранжман со Меѓународниот монетарен фонд, а за тоа е потребно фактички да се согледаат сите дефицити во сите сектори. о Републиката. Потребно е точно да се согледа кумулираниот буџетски дефицит, дефицитите во таканаречените социјални фондови, како што е фондот за здравството, за пензиското осигурување и другите фондови и исто така да се согледа обемот и карактеристиката на дубиозите, на фиктивните во банкарските биланси, во билансите на банките. Тоа е потребно за да може да се почне разговор со нашите доверители, да се почне разговор со Меѓународниот монетарен фонд, да се отвори можност да се прави аранжман кој во еден одреден период на еден начин ќе овозможи и ќе установи начини на кои ќе бидат совладувани ефектите, тековните ефекти на сите тие дефицити кои се кумулирале подолго време и со кои ќе почне постепено опоравување на стопанскиот растеж на Републиката, а истовремено ќе се создаде можност на нужен степен на

социјална толеранција и социјален мир што ќе овозможи нешто во Македонија да настане како еден вид социјален пакт кој ќе биде составен дел на пакетот да може да се одвива една стабилизациона политика и една политика која ќе доведе и до развој на земјата. Сите тие потези се потребни, а во нив влегува исто така» како што е зачленувањето во Европската банката обнова и развој, потоа во Светската банка, Меѓународната банка за обнова и развој и нејзините асоцијации каде што уште не сме член и имаме проблем на доспеаниот, а неплатен долг. Но, има можност тоа да се совлада и треба да најдеме начин како тоа да се совлада и сето тоа ќе овозможи потоа да настане една комплексна стабилизациона програма, среднорочно конципирана која на Републиката ќе и даде сосема друга основа и ќе даде можност сегашната, така да речам сегашното чувство на немоќ и безнадежност да го совладаме и да отвориме вистински перспективи и на државата и на луѓето и на семејствата, а особено на младите луѓе чиј број на 'невработени се повеќе се кумулира. Но паралелно, работејќи на тоа како да се овозможи влегување и во Меѓународната банка, како да се овозможи еден комплетен аранжман со Меѓународниот монетарен фонд кој мислиме заради специфичните причини што ја доведоа Македонија во оваа ситуација треба да има и специфичен карактер и донекаде да отстапува од вообичаената шема на Меѓународниот монетарен фонд, паралелно со сите тие активности потребно е да се засилат активностите внатре во Републиката, особено активностите на Владата на оние сектори каде што може веќе денес да се делува. Неопходно е во склад со постојните прописи, или со нивно да речеме дотерување да се уреди целата фискална сфера, неопходно е да се обезбеди наложуваше и наплата на царините на сите увозни стоки во склад со царинската тарифа која постои, да се запрат отстапувањата кои сега

настануваат да се спречат евентуалните привилегии и замижувања пред такви случаи и ненаплатување на царините. Потоа, неопходно е да се во склад со постојниот систем, со постојните решенија, или нивно дотерување што е побрзо можно да се овозможи механизам, ефикасен механизам за наплата на даноците. Тоа е неопходно. Без тоа ние не можеме да ја видиме функцијата на буџетот во нашата вкупна економска ситуација која настанува и не можеме да ја видиме ниту улогата на монетарната сфера и политиката за целите и задачите на монетарната и кредитна политика. За тоа мислам ние ќе имаме наскоро расправа и за буџетот, но таму веројатно ќе мораме да се соочиме и со секторот на потрошувачка кој ќе биде многу актуелен во согледувањето на сите биланси за кои реков, сите дефицити тековни и кумулирани дефицити во буџетот, во социјалните фондови, во банките. Но, таму ќе се соочиме и со нискиот степен на остварување на планираните приходи и приходите кои произлегуваат од прописите кои се сега на сила. Ние имаме состојба на продажба на мало на пазариве која никој не ја евидентира и никој не ја оданочува. Потоа имаме плаќање на големо во готово што значи масовно прикривање на даноците. На тој начин руинираме големи трговски куќи кои инаку можат да опстанат. Тие сите да речеме вработени ние можеме да ги отераме на улица не само што буџетот е неалиментиран, но и многу дисциплинирани плаќачи на данок ќе ја изгубат економската сила.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Врз основа на постојните прописи ги активира сите механизми во сите други сектори, особено во фискалниот сектор, да се создаде атмосфера на нејзино одржуваше и да може она да ја добија смислата и да го добие значењето кое го има. Инаку, ве молам постои опасност да ја руинираме економијата и во стартот неосновано и непотребно да го поткопаме нашиот денар.

Овие напомени сакав во претресот да ги дадам.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги. Пред се заради поконкретно информирање морам. -да кажам дека оваа одлука • за целите и задачите за монетарно кредитната политика во 1993 година е втора верзија. Ваква одлука Народната банка на Македонија има доставено до; Собранието уште на 30.12.1992 година,, меѓутоа бидејќи ние немавме прилика во првите три месеци, во текот на јануари февруари да ја разгледуваме таа одлука, мораше поради промените на параметрите на макро економската политика за 19 93 год дина да се изготви втора верзија. Таа денеска е на расправа, па сакам да кажам дека мора да се уважи тој факт, советот на НБ на Македонија чиј член сум и јас, благовремено изготви таква одлука меѓутоа таа беше надмината заради причините што ви се познати.

Беа утврдени едни параметри на макро економската политика за 19 93 година, во меѓувреме претрпеа измени, па поради тоа мораше да се менуваат и целите и задачите на макроекономската политика за 19 93 година. Следствено на тоа да се менуваат и целите и задачите на монетарно кредитната политика за 199 3 година, така како што се предвидени во самиот предлог на одлука.

Поттикнат од дискусијата на господинот претседател Андов и јас би сакал да го потенцирам фактот дека навистина ние макро економската

политика за 1993 година, и колку да е таа оптимална и реална не ќе можеме да ја оствариме доколку навистина не . се остварат некои сегменти што се дел на таа макро економска политика. Пред се мислам дека беше во право кога по овој повод го истакна проблемот на остварувањето на фискалната политика.

Јас и во оваа прилика ќе потсетам дека неминовно се поставува прашањето пред донесувањето и на законите од областа на даночниот систем неминовно. се јавува потребата од активирање на некои механизми, а пред се на инспекциските органи во услови кога сеуште немаме формирано финансиска инспекција или финансиска полиција ние мораме да ги активираме нив до максимум со цел навистина да се остварат и целите предвидени со даночната политика,,со макроекономската политика и она што се очекува и што Е предвидено GO буџетот за 1993 година. Инаку, ќе се соочиме и на крајот на оваа година да кажеме приватниот сектор учествува во создавањето на вкупниот приход на стопанството со "20%, а во давачките само со 6,6%.

Од тука во инвестициите да учествува некаде со 40% а општествениот сектор само со 1,5%. Мислам дека овие податоци доволно говорот во каква ситуација сме ние во остварувањето на улогата што ја имаме и како држава и како органи на државата.

Мислам дека во тој поглед ќе мораме да преземеме нешто повеќе за да сите фактори, пред се стопански во општеството да бидат ставени во една рамноправна положба. Да не се соочиме со состојба да предвремено пропаѓаат организации од општествениот сектор, а при тоа над правилата познати во пазарната економија некои субјекти да доживуваат своевидна експанзија. Мислам дека ние мораме во тој поглед уште сега субјектите да ги поставиме во рамноправма положба односно сите тие да партиципираат во задоволувањето на потребите на општеството еднакво, а не едни да носат поголем товар а некои помал товар и со тоа некои што носат помал товар да доживеат експанзија на сметка на организациите од

општествениот сектор кои сигурно дека ќе мора да се трансформираат, но тој процес е доста долг и додека се оствари тој процес ние мораме нив и да ги заштитиме не заради друго туку заради вработените во нив. Од друга страна тие што остваруваат поголеми резултати, подобри резултати во работењето да партиципираат во алиментирањето на буџетските и другите. потреби со поголем процент>

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господо, .интересна тема за нашата монетарна политика и во кредитната политика и во фискалната .политика. Колку што можам да разберам јас, ние навистина денеска сме во една таква ситуација кога повеќе. страдаме од фискалната политика затоа што фактички кај нас не се води сметка во многу сфери од економскиот систем. Наполно се согласувам и со претседателот на Собранието и со господинот Превала во нивните излагаља. Незнам дали има место тука да се зборува што се денес станува во економската сфера во нашата држава, меѓутоа сите знаеме и сите сме присутни во една анархија во сите сфери на економската политика во животот на нашите простори. Пак ќе се извинам, незнам дали има место кога се зборува за монетарната политика да зборувам за се она што се случи во другите сфери.

Господинот претседател на Собранието рече да се формираат тие фондови односно да се дојде до тој буџет, всушност да се кредитираат сферите во животот на нашата држава треба да имаме во предвид неколку фактори за тоа од каде доаѓа парата.

Прво, кај нас даночната политика ""не е на ниво на кое треба да биде. Таа е останата од старо . И во измените што настануваат во самиот систем уште повеќе се влошува даночната политика. Контролната политика на даночната политика кај нас отсуствува од просторот на државата. За да се

оданочува правилно треба да се откажеме од многу досегашни пракси во кои ние бевме со системот што беше натурен врз овие простори, тука имаше и друга работа, нема Железара пари ќе се најде од социјалното, ќе се најдат кредити незнам од каде, меѓутоа сега системот се менува. За да се дојде во еден подобар ред, за да се дојде до една стабилна монетарно-кредитна политика треба да се оформи и таа финансиска полиција на сите служби од каде се земаат приходите во фискалната политика. Односно во кредитно монетарната политика. Тие две се споени меѓу себе. Јас разговарам сега со еден пратеник, директор на едно претпријатие и барав објаснување како се создаваат тие буџети, како се создаваат резервите на банките. Јас тоа го разбирам дека е така, но ако продолжиме како до сега јас верувам дека и нашите банки и нашата нова пара без таа фискална политика за скоро време ќе додадеме уште неколку нули на новата пара која вчера ја извадиме пред монетарниот фонд на нашите банки. Значи треба да се донесат закони, во кој ќе се заснива силата на државата во економскиот план. И најповеќе треба да се согледа политиката на даночната политика, а даночната политика треба да се надгледува од финансиска инспекција, која за жал ние ја немаме.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, денеска на оваа говорница беа изнесени одредени работи за кои јас мислам дека сепак постојат одредени недоволни познавање на одредени проблеми кога станува збор за плаќањето на даноците за некои стоки, бидејќи одредени работи во извесен дел се регулирани, во одреден дел не се. Според тоа мислам дека одредени работи треба да се познаваат малку подобро кога станува збор за продажбата на големо кај некои производи тоа се плаќа,

меѓутоа и не се плаќа. За тоа е Владата па нека ги најде тие места каде не се плаќа, нека се организира, можности има.

Што се однесува до точката што е на дневен ред јас изразувам едно сомневање а тоа се состои во следното. Пред мене го имам мислењето на Владата утврдено по ова прашање и мојата дилема е во тоа дали треба ние воопшто денеска да донесуваме ваква одлука, бидејќи сметам дека ваквата одлука е одлука само на банката и ние воопшто не треба да ја усвојуваме. И во мислењето на Владата стои: "Со оглед дека проекцијата за монетарната политика за 1993 година е самостоен акт на НБ на Македонија која Советот ја донесува заради обезбедување...", од овие зборови произлегува дека ние ваков акт воопшто не треба да донесуваме бидејќи тој документ се донесува од страна на надлежен орган. Ние оваа работа, според мене треба да ја примиме само на знаење.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас мислам дека после извонредното излагаше на господинот претседател на Собранието, кој многу темелно ни го објасни значењето на последиците кои ќе ги предизвика ова ако не се продолжи со остварувањето на механизмите за остварување на фискалната политика. Меѓутоа сакам нешто да кажам кое од лично искуство што го имам забележано во организацијата каде што работам.

Со овие движења на стопанството кај нас што се случуваат и со отворањето на многу стечајни постапки на претпријатијата и закаснување на исплатата на платите на работниците се создава една ситуација во која ние една средна граѓанска класа, мислам граѓанска класа од потрошувачки карактер, постепено и се повеќе и повеќе ја губиме, дури и нагласено. Таа граѓанска класа која често пати купуваше производи кои што имаат поголема стапка на данок веќе ние ја губиме така што сега се појавуваат

купувачи кои купуваат стока која има или многу низок процент на данок или воопшто немаат данок. Така да преносно нашата класа буџетска и фондовите не се полнат затоа што ние немаме доволно средства. Конкретно може тоа да се среди и малку поназад да се вратиме, неколку месеци, може и години аконтацијата за исплата на даноците од 22,23% слегуваше на 11 а сега малку нешто е продолжено. Што зборува тоа. Тоа зборува дека нашите граѓани купуваат стока која им е неопходна и која нема данок а со намалување на стандардот на вработените ние ја осиромашуваме и државата, затоа што немаме доволно средства да купуваме такви производи кои му носат поголем данок' на државата. Јас мислам дека секој што може да купи одело и некои козметички препарати кои носат поголем данок, и стандардот на вработените е поголем, а и државата ќе има поголем прилив н^ средства за користење.

Исто така морам да признам овде дека се изигрува плаќањето на данок на разни начини,г;а еден од нив во последно време што е многу чест е на пример оние производи кои што се наменети за возрасни се заменуваат како да се за деца, така да се избегнува плаќањето на данок. Мислам дека овие работи треба да се имаат во предвид затоа што не може да имаме богат народ а сиромашна држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор? ( не бара)

Има збор госпоѓа Софија Тодорова министер за развој.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувани пратеници , почитувано претседателство, чинам дека има потреба за определено допрецизирање околу обврската за донесување на овој акт од страна на Собранието, затоа што се слушна и поинакво мислење во расправата.

Имено, според законот за народната банка Собранието самостојно ја донесува проекцијата на монетарно кредитната политика, а одлуката за целите и задачите на монетарно кредитната и девизната политика ја донесува Советот. :

Минатата година НБ беше и предлагач на оваа одлука и по таа логика оваа година Владата достави мислење по предложената одлука. И во укажувањето на претседателот на Собранието за материјалите по оваа точка беше споменато дека беше доставено мислење на Владата, меѓутоа дополнително се уточни фактот дека Владата може да биде предлагач и заради тоа мислењето на Владата се трансформира во амандман на оваа одлука што станува нејзин составен дел. Овој амандман ви е доставен на почетокот на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ**

Содржан е во мислењето.

Молам дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката. Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на точка 4 и на точка 5 за внесување нов став и амандман за заменување на зборот "монетарната", со зборовите "монетарно- кредитната" во целиот текст на предлогот на одлуката по кој претставникот на предлагачот не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на точка 4 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој е составен дел на текстот на одлуката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на точка 5 за додавање нов став, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Ова веќе е содржано во амандманот што го достави Владата, така да е составен дел на Одлуката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали претседателот на Комисијата или известителот на Комисијата се согласува со ова гледаше?

Се согласува.

Според тоа немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот за заменување на зборот "монетарното" со зборовите "монетарно- кредитната". Во целиот текст на предлогот на одлуката поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Се прифаќа, тоа е содржано веќе во амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (двајца)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за целите и задачите на монетарно- кредитната политика во 1993 година.

Минуваме на **точка 15 -** Предлог на одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1993 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се поделени.

Отворам општ претрес.
Молам, кој бара збор?
Господин Џелил Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во услови во какви што сме тешко е да се проектира девизната политика и платниот биланс на Републиката, особено за оваа година, кога пред се имаме во предвид блокадата која се врши на нашата Република. Меѓутоа, како таква мораме да се соочиме со оваа реалност и мораме да проектираме проекција за платниот биланс на Републиката. Исто така мора да вложиме напори за да бидеме блиску до реалноста која што е присутна во нашето секојдневие.

Она што излегов на говорницата повеќе се однесува во делот на образложението на проекцијата каде на страна 3 стои во врска со извозот на поважните производи. Бидејќи се работи за проекција за 1993 година, а тука е планирано извоз на јагнешко месо каде за оваа година се предвидува дека ќе се остварат 11 милиони долари, а ние сведоци сме на тоа колку успеавме да извеземе јагнешко месо, ние со доста симболична цена јагнешкото месо сами го изедовме од неможноста да го пласираме надвор од Републикава. Мислам дека во овој дел не се реални овие параметри како што се наведени. Незнам дали ќе можеме сега, во оваа година да очекуваме друго јагнешко месо односно други јагниња. Нив треба да ги

очекуваме наредната година, за да можеме да планираме.

Исто така ова важи и за јунешкото месо. Ние неколку години наназад немаме јуниња нити за извоз ниту за проширена репродукција, туку само за проста репродукција, одвај излегуваме на крај. Сметам дека во овој дел предлагачите не се доближиле до, реалноста и сметам дека овој дел е застарен каде се предвидува извоз на овие поважни производи.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателстов, почитувани пратеници, ова уште еден пример за неопходноста од донесувањето на основните закони кои што можат да бидат основа за донесувањето на подзаконските акти. Така пред нас имаме сега еден подзаконски акт, а тоа е одлуката за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 1993 година. Сметам дека со оваа одлука ќе се демантираа овие прашања кои што беа поставени од страна на сите субјекти во еден период кога имавме правен вакум, кога секој поставуваше прашање дали имаме држава, посебно во делот на остварување на една функција, а тоа е делот на наплатата на одредени извозни аранжмани во странство. Сметам дека со оваа одлука во основа ќе се обезбеди државата да го контролира извозот на одредени стоки и увозот на одредени стоки затоа што ќе се евидентираат сите стопански аранжмани посебно во увозот и извозот и врз основа на тоа ќе се следи нивното плаќање.

Исто така со оваа одлука сметам дека во основа ќе се направи една голема селекција на способните и неспособни стопански субјекти. Инаку, посебно во прометот со странство имаме доста реакција и од странство заради вклучување на одредени стопански субјекти кои што во отсуство на законска регулатива не ги исполнуваат најелементарните свои обврски плаќањето да оди преку одредени институции кои што се задолжени за тоа.

Инаку, во самата одлука нема да ги коментирам точките 1 и 2 кои што се веќе во тек на реализација, а тоа е прашањето на слободното формирање на курсот на денарот и веќе формираниот девизен пазар.

Посебно ќе се задржам на точката 4 во која што се предвидува доходовна мотивираност за остварување на зголемен извоз посебно во делот на враќаше на дел на платената царина и увозни давачки. Исто така поттикнување на извозот на земјоделски прехранбени производи што ги имаме како вишоци и обезбедуваше на средства за туристичко и информативна и општествена пропаганда.

Посебно сакам да ј,а истакнам една одредба која што со оваа одлука е укината, а тоа е зафаќањето од девизниот прилив од 30%. Сметам дека со укинувањето на оваа одредба ќе се овозможи на сите стопански субјекти на одреден начин да ги остваруваат своите девизи или располагаат со нив, а посебно во точката 5 е обезбедено со остварувањето на девизи;да се обезбеди несметано плаќање на увозот на стоки и услуги и тоа од сите стопански субјекти, продавање на девизите на друго претпријатие кои имаат достасани обврски за плаќање према странство со посредство на банката, продавање на девизите на самата банка и депонирање на девизите на девизна сметка кај банката со рок 90 дена од денот на пристигнување на девизниот прилив со право на камата на депозитот.

Сметам дека со овие одредби веќе се овозможува да се постави контрола во делот на извозот и увозот, а воедно и на одреден начин да се направи една селекција на стопанските субјекти кои што можат во согласност со законските прописи да ги обавуваат односите со странство.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство, јас во врска со Одлуката за девизната политика и проекција на платниот биланс, а тоа е во точката:4 каде доходовната мотивираност за остварување на зголемениот извоз е девизен прилив за 1993 година освен враќањето на делот платени царини во последната точка е обезбедување на средства за туристички информативни и општа стопанска пропаганда. Јас незнам Министерството колку средства ќе може да обезбеди ако знаеме дека имаме само две езера. Од друга страна во претходната точка за поттикнување на извозот на земјоделството, зашто да не стои и поттикнување на индустријата. Ние во Македонија имаме и производни капацитети.

На страна 4 во точка 10 на крај пишува "ефективни странски пари добиени од продажба на општествениот капитал, станови и деловен простор. Ќе се преземат мерки вкупните девизни резерви на Републиката итн." Јас навистина незнам и по вторпат•го прашувам соодветното министерство колку ќе добие средства ако се знае дека СИЗ-овите за деловни простори во Македонија немаат ни еден милиметар деловна своја површина.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувани пратеници, јас чинам дека сите го чувствуваме значењето на овој вид на одлука што треба да ја донесе Собранието за земја каква што е Македонија со оваа големина, за пазар со ваква апсорпциона моќ едноставно не само развојот туку и опстојувањето на националната економија во голема мера е детерминирано од интензитетот на воспоставувањето на економските односи со странство. Навистина кога станува збор за проекција постои секогаш помал или поголем ризик реално да се утврдат состојбите што ќе бидат актуелни во наредниот период. Тоа сигурно се мултиплицира таа неизвесност во сегашните услови кога

делувањето на надворешните непредвидливи фактори најнапред удираат токму на оваа сфера. И оттаму сосема се оправдани забелешките и во дискусијата на одделни елементи кои и не се реално искажани, можеби до крај реално проценети во билансот.

Она што беше спомнато во дискусијата околу извозната мотивираност. Знаете, најголем ефект во стимулирањетр на извозот во што се потпираме во проектирното платно- билансно врамннотжување е автоматското воспоставување на' реален курс на денарот во однос на другите валути. Тоа сигурно, ќе биде најзначаен извозен мотивирачки фактор. Тоа се однесува и на укинувањето на ретенционата квота која стопанствениците добро знаат ја чувствуваа како еден вид на опорезување на извршениот извоз.

Нема многу пррстор во средствата за буџет за дополнително издвојување за поттикнување на ИЗЈВРЗРТ И затоа во оваа точка што беше спомената посебно се предочува односно стои определбата за поттикнување на извозот на земјоделските производи што е познато во политиката безмалку во сите земји, додека индустриските производители се поттикнуваат со обезбедувањето на поврвток на царините и другите извозни давачки. Скромна сума на средства ќе се обезбеди веројатно и за поттикнување на развојот на туризмот што треба присебно перспективно да стане и значајна гранка од која би требало да се обезбедува нето девизен прилив ВР РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 7 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, ГР закучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (74)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за . 19 9 3 година.

Минуваме на **точка 11** - Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на Република Македонија, општ и посебен дел со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Бидејќи потреба за донесување на овој закон е промена на вредносните износи на паричните казни и на другите парични износи содржани во законот и нивно сообразување со вредноста на денарот, законот е доставен во март и овие денови имавме деноминација на денарот јас очекував од министерот дека се го повлече овој закон на усогласување, но министерот тоа не го направи и барам од министерот и овој закон да биде повлечен за усогласување.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Само ќе кажам неколку зборови, бидејќи законот за деноминација на денарот ја уредува и таа материја, тоа значи и вака донесен законот нема

никаква пречка и тој ќе биде дефакто ускладен со деноминацијата на самиот денар што го прифати ова Собрание и нема потреба од било каква друга промена.

Единствено станува збор за одредувањето на новите парични обележја на кривичните дела кои се предвидени во Законот за општ и посебен дел кој заедно со законот односно Кривичниот закон на РМ го сочинуваат единственото кривично законодавство во Републиката и единствено го уредува прашање за ненавремено плаќање на паричната казна, зголемување од 500 денари на 5.000 денари што значи зголемено за 10 пати а другото значи .зголемување на сите тие парични обележја за 50,пати. Се надеваме дека со паѓањето на вредноста на денарот ісе има потреба се почесто да се менуваат вредносните обележја како што ги предвидува Кривичниот закон, па со донесувањето на новиот Кривичен закон кој сметаме да !го предложиме ќе предложиме нов модел за изразување на вредносните износи со кое дефакто и ќе се надмине таа состојба за стални измени и промени на Кривичниот закон на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не).

Само непоменувам дека по донесувањето на законот за деноминација овие цифри не смеат да останат и господинот министер треба да каже овде точно како гласат цифрите по тие членови и тоа е готово.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Деномирани за две нули, а исто така и текстовите ќе гласат како цифрите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е прочистување на текстот.

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на РМ, општ и посебен дел.

Кој е за молам да крене рака? (65).

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

65 пратеници гласаа за. Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

60 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. .

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

62 пратеници гласаа за. Дали е некој против (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на кривичниот закон на Република Македонија општ и посебен дел

Ние сега предлагам да минеме на точка 13, додека да дојде претставникот на Владата по точка 12.

Минуваме на **точка 13 -** Предлог за донесување закон за продажба на становите во општествена сопственост со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот CQ Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам, и ЗПК, како и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за градежништво и урбанизам, ЗПК, оценуваат дека нема потреба од донесување на нов закон за продажба на становите во општествена сопственост. Бидејќи истиот не го надградува правниот систем, ,како и дека прашањата што се предлагаат да се уредат со овој закон во основа и на соодветен начин се уредени со постојниот закон кој е во сила.

Молам, кој бара з бор?

За збор се јави претставникот на Предлагачот Антовски Коста.

**АНТОВСКИ КОСТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа. Уште на почетокот дозволете ми да истакнам дека во оваа пригодба зборувам во името на над 2 0 илјади граѓани потписници на Република Македонија, кои користејќи го правото од член 71, став 1, на Уставот на Република Македонија, на најдемократски начин и прв пат во историјата на нашето законодавство, покренаа иницијатива за донесување на овој закон.

Со поднесувањето на предлогот за донесување нов закон за продажба на становите во општествена сопственост, во писмена форма поднесовме и образложение за Уставната основа, причините поради кои треба да се донесе законот и основните начела врз кои се засновува законот. Уверен сум дека овие документи сите ги поседувате.

Меѓутоа, сметаме дека и покрај писменото образложение и во оваа прилика има основа да ги елаборираме повеќето прашања и причини поради кои предметниот закон го поставуваме пред овој парламент на разгледување и усвојување.

Донесувањето на законот за продажба на становите во општествена сопственост и неговите измени, како и подзаконските акти на Владата кои се денеска на снага, кај граѓаните на Република Македонија побуди големо интересираше, но истовремено предизвика и големо негодување. Интересот се манифестираше низ желбата, корисниците да постанат сопственици и понатака сами да стопанисуваат, поаѓајќи од лошите искуства на минатото во управувањето, одржувањето на овие станови. Според тоа, граѓаните, се апсолутно за купување на становите и не се точни некои искажувања дека поради ниските кирии нема интерес за купување на овие станови.

Негодувањата пак се однесуваат на одделни решенија и одлуки со кои при кратката временска примена на законот, потоа донесувањето на неговите измени и дополнувања, а врз основа на кои Владата донесе подзаконски акти, граѓаните во еден многу краток временски период ги стави во нерамноправна положба.

Почитувани пратеници, денеска ќе раправаме за многу суштествено, значајно и егзистенцијално прашање, независно од тоа за колкав број граѓани се однесува, а тој број не е мал, туку е доста голем, кој е те по сина нештата е принуден и преку овој институт да се залага за да ги оствари своите неотуѓиви права , кои како што реков со некои неодржливи решенија од Законот за измени и дополнувања на законот, а поготово со подзаконските акти на Владата значајно им се повредени уставните права на рамноправноста со далекосежни и долгорочни материјално- финансиски последици за нив.

Предвид на тоа што оваа држава не почнавме да ја градиме од денеска и за некои граѓани дојдени од друга планета, затоа некои наследени работи мораме да ги имаме предвид, било тоа да се позитивни и негативни. Како што знаеме, во обласа на станбената проблематика на минатото, се спроведувала единствена глобална политика во кредитирањето, зафаќањата од личните доходи на вработени во организациите и од добивката на доходот. Познато е дека имавме доста интензивна станбена изградба, постојано не баш усмерена, проследена со доста девијантни појави од кредитирањето, па до распределбата, со што и тогаш не сите граѓани се ставаа во иста рамноправна положба, туку во зависност од статусот на положбата што ја имаше поединецот и правниот субјект во општеството.

Интересно е да се спомне дека со постојните решенија за продажба на становите во општествена сопственост во нашата Република, за разлика од други бивши ЈУ-републики, се применуваат најригорозни услови, како да се сите наши граѓани најбогати, прима и примале лични доходи во девизи, и дека веднаш од своите девизни заштеди ќе можат да ги купат становите. Значи, при градењето на критериумите, и мерилата и условите не се респектирани нашите економски тешкотии, можностите на најголемиот дел на граѓани кои се борат за гола егзистенција, поради ниските и ненавремено примаше на платите и пензиите, зголемената невработеност, придонесот на граѓаните што го давале во минатото за создавање ан станбениот фонд, било по кој основ и низа други економски тешкотии.

Граѓаните корисници на општествени станови ги респектираат потешкотиите на Републиката во однос на обврските што ги има спрема девизните штедачи, меѓутоа овие граѓани со ништо не придонесе за потрошените девизи на штедачите, па према тоа и не можат да ги поднесат сите консеквенции за грешките што ги правеле другите во изминатиот

период. Ние искрено соучествуваме со неправдата што им е нанесена на девизните штедачи.

Исто така, сегашните граѓани корисници на општествени станови не се виновни што голем број општествени станови се продадоа по многу ниски цени. Пред донесувањето на измените и дополнувањата на законот и' со тоа према искажувањето на компетентни лица на Владата на заедницата џ е нанесена голема материјална 1 штета. Према тоа и ова не треба да е причина, овие граѓани да ги плакат купените станови и до дваесетоструко поскапо, познато исто така, под кои услови ги купија становите припадниците на ЈУармија.

Почитувани пратеници, според наши сознанија, со постојните услови за купување на станови во незавидна положба е доведена една структура на граѓани кои во минатото многу честито се однесувала, го решавала станбеното прашање према своите услови и можности и сега во новосоздадените прилики се најде во безизлезна состојба.

Соочени со проблемите што ги наметнаа измените и дополнувањата на законот и посебно по законските акти на Владата, граѓаните немаа друг излез, поготово што одговорните лица на Владата и 1 ресорното министерство не ни удостоија прием, освен да пристапат кон приготвување и поднесување на овој предлог закон со сите решенија, кои битно се разликуваат од законот што е на снага, а денеска треба да го разгледа и усвои овој парламент со напомена дека заинтересираните граѓани широко ги прифатија неговите одредби.

Како што е познато, врз основа на наше барање и барања на над 250 други претставки од граѓаните на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија со неговата одлука поништи неколку члена од законот, со што е доведено во прашање конзистентноста на овој закон.

Дадените мислења дека предлогот на законот од граѓаните и идентичен со постојниот закон, сметаме дека не се оправдани од причини што битно и квалитетно се разликуваат имено, законот што го предлагаме претставува интегрална целина со комплетно дадени решенија, закон, методологија и образец за пресметка. Сите решенија во законот се темелат на реална, а не пазарна цена на станот. Кои се разликите меѓу законот. кој владее сега и Законот за граѓаните.

Според решенијата на предлог законот, средствата од продажба ќе се користат строго наменски за станбена изградба регулирано со посебен подзаконски акт, а на тој начин и идните поколенија имаат можност да го решаваат станбеното прашање и да отвораат простор за ангажирање на нашата градежна оператива, која е моментално во колапс.

Амортизацијата од 1,5% годишно усогласена со постојниот закон за амортизација, лимитирајќи ја на 60% а не на 30%, незаборавајќи дека тие градби имаат претрпено неколку елементарни непогоди во минатите години и кои градби и денеска не се сигурно за живеење и се крајно руинирани, затоа што воопшто не беа ни одржувани.

Градежното уредување на земјиштето се зема према проценката на учеството на трошоците кога зградата е градена, а не како да е зградата денеска градена со 28 до 34%.Ако нема за 1 година, тогаш за наредната година, каде што има кога е пуштена зградата, ќе се земе тој коефициент за градежно уредување. Ако е нешто наменски искористено во бивша Југославија и Македонија е станбениот динар, бидејќи тоа се гледа околу нас како китка сме накитени со станбени згради, но апсолутно е точен и фактот што вложувачите на овие средства се познати со име и презиме и тука нема дилеми и се одвојувале според 2 основа.

Првиот основ закон за станбен придонес и тоа:

Во 1955 година 10% од бруто личниот доход е одбиван дури и е одбивано од стипендиите.

Во 1957 година 7% од .бруто личниот доход.

Од 1961 година до 1991 година 4% од бруто личниот доход

Вториот извор, издвојувани се големи средства од добивката на претпријатијата и тоа ние извадивме за само три години од 1989 година до 19 91 година и тоа се огромни суми...

Во 1989 година 30'5,1 милиони денари или 5% од добивката.
Во 1990 година 401,0 милиони денари или 1,6% од добивката.
Во 1991 година 789,7милиони денари или 1,7% од добивката.
Значи, дека секој работник со просечен личен доход преку издвојување на средства за оваа немана обезбедувал маса за 0,5% од градежната вредност за 1м2 годишен или за целиот работен век, ако работел 40 години 20% 6д вредноста од станот.

Пресметувањето на 0,5% годишно на име минат труд само за носителите на станарското право, но не повеќе од 20% претставува просечно околу 10% од вкупната маса на капиталот издвоена за станбена изградба. Тоа е во склад со новиот закон за трансформација на општествениот капитал, кој го предлага господинот Јане Миљовски, и навистина е жално што овој закон требаше да иде после тој закон, затоа што и таму има попуст 20% на акциите 30% и по 1% за секоја година стаж на работникот. Токму овој проблем, научно обработен од бившата Влада на Југославија а нас најмногу ни помогна господинот Цане Малинковски, кој работеше на оваа тема во Бивша Југославија, што не значи дека сите овие податоци може да ги проверите.

Утврдувањето на вредноста на бодот и стимулацијата може да се врзе за валута, валутна клаузула. Тоа е колектив кога во даденото законодавство се прифаќа тој номинален систем на утврдување на

вредноста на долгот на нешто. Меѓутоа врзувањето на бодот за незваничниот,така наречен црн курс и тоа во вредност од 0,6 од тој курс претставува економска катастрофа, за секое семејство, бидејќи добро знаеме што земаме како личен доход.

Утврдената вредност на денарот не е политика на Владата на начин како што е дефиниран во член 1 од уредбата. Во таков случај тоа е само математика. Политика може да биде само тогаш, ако е дефиниран член 1 од уредбата вака: "вредноста на пресметковниот бод за продажба на општествените станови максимално изнесува 430 денари на 4.11 1992 година, или максимум 0,6% од германската ;марка.

Затоа во законот на граѓаните стои дека подот ќе расте со порастот на коефициентот на личниот доход.

Попустите ВО, овој закон се исти независно со кое платежно средство се плаќа.

Наместо сегашниот стереотипен модел на образец за пресметка на градежната вредност на станот, од 19 66 година, во кој има само тула и малтер и каде сите технички работи во станот се земаат према метри квадратни, а тоа значи дека ако е поголем станот, станарот техничките работи во станот ги плака неколку пати. Ви нудиме нов образец со сите типови на ѕидарски градби досега изведени во Македонија, научно обработени од еминентни стручни луѓе во оваа област.

Во последно време ресорното министерство јавно изразува задоволство од реализацијата на законот и постигнатите резултати од продажбата на становите општествена сопственост. Меѓутоа, должни сме да укажеме на вистината.

Ако се земе репер градот Скопје и државните станови во него кои се најголем дел и тоа во општина чаир се продадени 929 стана.  Во општина

Гази Баба се продадени 471 стан. Во општина Кисела Вода 1300 стана, во општина Центар, 1250 стана, во општина Карпош 940 и тоа се продадени до 30.04.1993 година. Тоа се вкупно продадени 4890 државни станови во Скопје. Ако на овие станови се додаде плус 50% овде во Скопје, се продадени на претпријатијата што доаѓаа до бројка од 7500 стана продадени. А ако се земе дека и од другите места во Македонија се продадени уште толку станови, доаѓаме до бројка од 15 илјади станови, а ние имаме 48 илјади стана продадени. Во прилог на тоа што се пролонгира рокот за екстра попуст . за уште еден месец упатува на тоа дека сегашниот закон ја нема очекуваната практична примена.

Заклучоците на Комисиите за идентичноста на овие два закони веројатно би билареална ако се усогласи уредбата со методологијата на граѓаните. Без тоа овие два закони се суштински и квалитетно различни.

На крајот почитувани пратеници,.ве молиме во името на 4 граѓаните да го поддржите законот, а тоа претставува надминување на партиската и национална припадност, бидејќи подеднакво ги погодува граѓаните на цела Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Антовски.

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Вецко Личоски.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, бидејќи јас повеќе пати дискутирав за овие закони кои што беа донесени на претходното Собрание и на ова Собрание, јас малку сакам да се задржам на тие закони и да кажам зошто сум за донесување на ваквиот закон.

IV10.-

Прво, пред се, информацијата што ја даде претставникот на 20-те иљади потписници ја прифаќам во целост и ја земам за своја онака како што ја изнесе, бидејќи и јас сум еден од тие потписници на становите.

Во првиот закон, донесен некаде на 16 ноември 1990 година, тој беше закон донесен од страна на претходното Собрание, со кој што закон не беше активиран се до 6 месец 1991 година. Од 6 месец 1991 година, односно поточно од 1.07. до31.08 1991 година во Македонија имаше 60 иљади и 800 стана. а од 1.07.до 31.08.се продадени 12.596 стана, тоа е по стариот закон, каде што останати се за продажба некаде околу 4820 4 стана. Овие се информации кои што ни ги даде Владата нас на ова Собрание при донесувањето односно при стопирањето на законот кој што беше даден од страна на поранешната Влада. Од тие 12596 стана, кои што беа продадени, јас дадов една информација во однос на тоа како беа тие станови дадени. Земени од страна на оние корисници кои што беа во можност да ги платат становите, да направат договори и да ги земат становите за себе. меѓутоа, со стопирањето на законот, бидејќи тогаш настана инфлацијата и становите се купија за многу мали пари, според тоа, се стопира тој закон, се до донесување на новиот закон кој што ние го донесовме на ова Собрание.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Меѓутоа, оттогаш кога имаше 48.204 стана во Македонија, мислам дека и покрај тоа што сега Владата на неколку пати го пролонгира рокот за издавање односно за исплаќање на становите, овие станари кои се во тие 48.204 станови, јас мислам дека не се во неможност да ги платат затоа што сите тие корисници се тие кои имаат многу мали лични доходи или се корисници на социјални станови и не се во можност да ги платат. Не само што не се во можност да ги платат наеднаш, туку не можат да ги платат ни на рати затоа што на пример еден стан од 70 м2 може да чини околу 50 до 60 илјади ДМ, а знаеме ние колкави се нашите лични примања на тие социјални работници кои имаат многу мал личен доход и не се во можност да издвојат 50 односно 60 илјади ДМ. Затоа предлагам ова Собрание да го усвои овој закон, независно од тоа што и едната и другата комисија, односно матичната Комисија за градежништво и урбанизам велат дека има идентичност во овој закон, јас не сум правник и не можам сега точно да навлегувам во правната основа на тој закон, меѓутоа сметам дека идентичноста кај некои членови е во ред, но не е секаде. А го потенцирам точно она за методологијата која е дадена и која е составен дел на Законот. Тоа го нема во нашиот усвоен закон. Тоа е едно.

Второ, во Законодавно- правната комисија каде на пример во првиот извештај што е даден вели: "Комисијата смета дека предложениот закон не би требало да се разгледува до донесување на одлуката на Уставниот суд на Република Македонија во врска со законот за продажба на становите во општествена сопственост "Службен весник на Република Македонија" 62/92. Од овие причини Комисијата му предлага на Собранието овој закон да го одложи за наредната седница. Ова известување е на 2 4 февруари 1993

година. Меѓутоа во второто известување што го има дадено Комисијата, пак ќе го цитирам извештајот: "Комисијата оценува дека нема потреба од донесување на нов закон за продажба на становите во општествена сопственост бидејќи истиот не го надградува правниот систем и прашањата што се предлагаат да се уредат во овој закон на соодветен начин се уредени со посебен закон што е во сила. Исто така, Комисијата оценува доколку предлагачот на овој закон смета дека се потребни одделни измени за законот за продажба на становите во општествена сопственост "Службен весник на Република Македонија" број 36/90 и број 62/92, наместо нов закон да изготви и на Собранието да му достави предлог за изменување и дополнување на постојниот закон".

Сега јас тоа сакам тоа малку да го прокоментирам.

Ако Законодавно- правната комисија ја дадеше правата вистина во првиот извештај, во тој случај ова што е во вториот извештај сигурно дека овие предлагачи ќе извршеа измена и ќе му доставеа на ова Собрание измена и дополнување на овој закон, а немаше да имаме сега кога е веќе на сила односно кога веќе треба да го разгледуваме овој закон што ние треба да го донесеме денес. Според тоа јас мислам дека Законодавно-правната комисија не била во интерес на она што сега е дадено затоа што претходно вели требало да реши Уставниот суд. Уставниот суд реши онака како што реши, меѓутоа не даде конкретна информација ние односно 20 илјади предлагачи да го изменат овој закон. Според тоа предлагам ова Собрание да го прифати законот што е предложен од страна на тие 20 илјади потписници бидејќи тука нема партиска обоеност, нема партиски предлози, туку е предлог на сите граѓани кои се наоѓаат во Република Македонија а се корисници на општествени станови.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, излегов на говорница да дадам поддршка на 20 илјади потписници, иматели на станарско право и форумот против станбената дискриминација.

Не е во прашање мојата дилема дали новиот закон треба да се прифати или овој стариот е добар како што Комисијата за градежништво се изјаснила, меѓутоа ќе кажам неколку зборови како се спроведува постоечкиот закон, бидејќи имав поставено и пратеничко прашање, на кое уште немам одговор.

Законот кој е на сила и кој се применува направи навистина раслојување на имателите на станарско право, на општествени станови. Што се случи?

Имаме три групи на станари кои се стекнале со станарско право.

Во првата група се наоѓаат станарите кои користејќи го станарското право и имаат добра економска база и моќ, користејќи го попустот 60 до 70% при купување на станот со девизи си го купија станот.

Во втората група се наоѓаат овие 20 илјади потписници и повеќе од нив кои немаат таква економска моќ а имаат станарско право па се одлучија станот да го купат на рати, на 30 или 40 години, зависно од нивната економска моќ.

Во третата група се наоѓаат станари кои немаат ниту ваква моќ како овие 20 илјади што се потпишани, туку се одлучија станарското право единствено да го користат со тоа што и натаму ќе плаќаат станарина. Дали тоа ќе биде економска станарина или пак ќе биде прифатливо за нив, тоа времето ќе го каже.

Јас навистина се согласувам со господинот Коста што пред малку го излагаше барањето на овие 20 илјади потписници, бидејќи засега не е застапено уставното право, а тоа е рамноправноста. Зошто нема рамноправност? Еве јас наведов дека имаме раслојување на овие корисници на општествени станови.

Во првата група како што кажав се наоѓаат оние кои се со појака економска моќ и си ги откупија становите. Меѓутоа тука навистина се јавија девијантни појави бидејќи во оваа група која за среќа на нашата млада држава навистина се малку, се наоѓаат баш оние случаеви каде постои основно сомневање дека при продажба на становите, зборувам за првата група на овие станари што ги купија становите со попуст од 70%, а основно сомневање е дека не се почитуваат ставовите од одредбите на член 67 и 68 од Законот за станбени односи број 4 8/78 што ќе го поткрепам со следново:

Се случува, јас би го молел министерот за правосудство да ме следи во излагањето бидејќи тоа ќе се однесува за него. Мислам најинтересно е за него бидејќи има и пратеничко прашање па би сакал да ми одговори после.

Се случува да не се почитуваат основните одредби во член 67 и 68 од Законот за станбени односи број 48/88 што ќе го поткрепам со следново. Се случува лица кои имаат таканаречено станарско право, а тоа се оваа прва група што ги откупија становите со попуст од 70% . Значи таканаречено станарско право користејќи општествен стан врз основа на Законот за продажба на станови во општествена сопственост или по судски пат ги откупија општествените станови за багателни пари, пет до 6 илјади ДМ.

Горното би било сосема нормално ако истите од општеството не добиле плац за изградба на семејна куќа, добиле во неколку наврати долгорочни кредити од работни организации со ниска камата за изградба на истата. По изградбата на куќата голем дел од нив се иселиле пред две-три години а становите не ги предале на СИЗ-от за становање или работните организации, па сега повикувајќи се на таканареченото станарско право ги купуваат за багателен износ. Значи тоа се група, затоа кажав дека се привилегирани бидејќи тие во меѓувреме си направиле куќа, земале кредити, можеби купиле уште еден стан па сега тој стан го издаваат под кирија, а сега зошто општеството да не им овозможи па и овој стан што седеле да си го купат иако веќе се иселени. Има такви примери. Затоа го поддржувам барањето на форумот дека навистина овде нема рамноправност.

Напоменувам дека и во Куманово поедини од нив таканареченото станарско право го префрлуваат на своите деца, а самите работни организации и судот не почитувајќи ги одредбите од Законот за станбени односи поточно одредбите од цитираните членови им овозможија противзаконско збогатување бидејќи веќе некои ве. ќе откупените станови веднаш потоа ги продаваат. Нормално ги продаваат зошто лесно ги освоиле. За шест-седум илјади ДМ купен стан од шеесетина квадрати го продаваат за 30 илјади марки и прават противзаконско збогатување. Се прашувам дали овие 20 илјади потписници сега се во рамноправна положба, тоа што Уставот им гарантира. Ова навистина е девијантна појава.

Се прашувам која е улогата на општествениот правобранител кој треба токму да ги брани одредбите од член 67 и 68 од Законот за станбени односи кој е во сила, а општествениот правобранител само се грижи ако има некои несогласувања околу оценката на вредноста на станот. Само

тука се впуштаат тие, а дали некој има куќа изградена се вселил во неа, купил друг стан а сега го купува и општествениот, не е важно.

Еве што вели член 13 од овој закон: "Ако носителот на станарско право, неговиот брачен другар или малолетни членови на неговото семејство имаат или се здобијат со семејна станбена зграда или стан во сопственост во местото на живеење што одговара на потребите на носителот на станарско право и на потребите на членовите на неговото семејство т.е. домаќинство кои заедно со него живеат, тој е должен во рок од 60 дена од денот на добивањето или испразнувањето на семејната станбена зграда или станот во сопственост, со сите корисници на станот да се исели од станот што го користи врз основа на договор за користење на стан". Ова досега воопшто не е почитувано. Има икс примери каде што, како што кажав покрај тоа што имаат и куќа и стан си го земаат и тој стан и тоа се таа прва категорија на повластени лица кои за седум илјади ДМ си го купија станот а веднаш после седум или десет дена си го продаваат за 30 или 40 илјади марки. Тоа е против законско збогатување. Би сакал одговор на тоа прашање.

Понатаму во истиот член се вели: "Ако носителот на станарско право не постапи според одредбите на став 1 од овој член, станбениот орган ќе донесе решение за негово иселување од станот што го користи врз основа на Договорот за користење на стан. Тука затаи комуналниот орган поготово овие експозитури од Министерството за комунални работи. Не знам дали има некој пример каде е почитуван овој закон и дали некој е иселен кој има куќа или стан.

Еве поточно што регулира член 67 за рамноправноста, ова што Уставот го нуди:

"Отказ на договорот за користење на стан се дава на носител на станарско право кој ќе добие кредит за купување односно изградба, доградба, надградба или реконструкција на сопствена зграда или стан од средствата наменети за станбена изградба". Дали тоа се почитува? Јас не би рекол дека се почитува.

Понатаму член 6 8 вели "отказ на договорот за користење на стан му се дава на носителот на станарско право со тужба која се поднесува до надлежен суд". Ова што се општински станови, зборувам за Куманово, општината се однесува како навистина тоа да е народно благо и го распродава, а еве видете 20 илјади и да не кажам повеќе од нив кои немаат економска моќ 4 0 години ќе отплаќаат кредит, а ратата е врзана за ДМ, па да видиме дали тие имаат економска моќ тоа да го отплаќаат и дали ќе доживеат поединци од нив да го отплатат станот.

Сега само да кажам дел од ова излагање што после го

кажав.

Овој екстра попуст се дава уште месец дена. Зошто нема интересенти? Тие што имаат само еден стан и треба да го откупат на 40 години тие треба да позајмат од некого пари ако сакаат да го земат веднаш за 7 илјади марки. Тие немаат пари а ако позајмат тие пари треба да се вратат. Додека пак оние кои имаат своја куќа и свој стан ќе позајмат и потоа тие 7 илјади марки ќе ги вратат а потоа истиот стан ќе го вратат за 30 или 40 илјади ДМ. Или онаа поговорка евреинот кога купува куќа го прашува оној што продава дали тој ја градел куќата или ја наследил. Ако ја градел тешко ќе се погоди со него, а ако ја наследил ќе ја земе за багателни пари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена пред да му дадам збор на следниот учесник во претресот. Да ја водиме работата така ако можеме денеска да завршиме со оваа седница и тоа не заради тоа, не напоменувам тоа е можност, туку утре нема да имаме седница. Претседателите-"на комисиите кои имаат уште амандмани на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал треба да ги погледаат сите амандмани и Владата да се произнесе за ставовите на комисиите а во четврток да можеме да почнеме со 61-та седница во 10 часот Тоа јас би молел да се направи. Значи четврток и петок би требало да работиме на Законот за трансформација на претпријатијата во општествена сопственост.

Има збор господинот Симеон Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со точката на дневниот ред јас накратко би го кажал следново:

Сметам дека поисправно е да го поддржиме заклучокот на пратеникот Љубомир Поповски каде се констатира дека врз основа на настанатите одредени состојби после донесувањето на законот дека и Уставниот суд донесе одредени одлуки со кои ги стави вон сила одредени членови на Законот и одредени други состојби кои веројатно постојниот закон не успеа во тоа време кога го донесувавме да ги предвиди или да ги прогнозира така како што ќе се одвиваат. Така да мислам има потреба за измена и дополнување на Законот а нема потреба според мене за донесува&е на нов закон, затоа што одлучиме дека ќе донесуваме нов закон тогаш, бидејќи знаете кога го стопиравме претходниот закон за продажба на становите помина повеќе од година дена кога дојдовме во ситуација да донесеме еден

закон. Ако тоа го направиме ќе помине уште година дена или повеќе расправајќи се дали вака треба да го решиме или како. Веројатно идеален закон во оваа ситуација нема да донесеме, а се наметнува неопходна потреба за измена и дополнување на постојниот закон кој одредени работи што ги насочува овој закон од граѓаните кои го предлагаат, 20 илјади граѓани, мислам може да ги искорегира. Така да реално би било денес да донесеме заклучок за колку време Владата би предложила измени и дополнувања на постојниот закон за продажба на општествените станови. До колку тоа не се прифати, тогаш нормално може и секој пратеник во свое име да каже, но би било покомпетентно и поиздржано ако Владата предложи во рок од, еве овде е предложено, јас го поддржувам во рок од 60 дена да се подготви. Тогаш нормално би дале свои одредени размислувања што уште треба да се вгради оваа процедура да се заврши така како замислувавме.

Сакам да истакнам и тоа дека со овој закон кој е на сила ногу малку има интерес за купување на становите во малите места. Веројатно овој закон за измени и дополнувања кој треба да уследи тоа треба да го има во вид бидејќи атрактивноста на становите кои се во големите градови не е иста како и во малите. Така да воопшто таму нема заинтересираност. Нешто треба да се направи, најверојатно, во смисла на цените, бидејќи не е иста атрактивноста. Така да и таму да се отвори процесот бидејќи таму практично нема интерес за купување на становите.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, не би сакал да изнесувам она што е заклучено во Комисијата за урбанизам и градежништво бидејќи сум член го поддржувам извештајот во целост. Сметам дека нема потреба од донесување на уште еден закон од оваа сфера бидејќи, како што знаете еден закон што е на сила досега покажа добри резултати. Податоците, за жал ги немаме веројатно бидејќи е рано да се сумираат.

Според мои сознанија и добиени податоци за Куманово можам да кажам дека се постигна извонреден успех. Повеќе од 50% станови се продадени, а од останатите веројатно, сите нема да се продадат бидејќи останаа станови што по разни основи се одземени од поранешните сопственици и тие станови ќе треба да се во некоја друга постапка вратат. Значи, веројатно ќе останат и кадровски станови што воопшто нема да се продаваат. Така што не би можел да кажам колку уште станови има за продавање. Мислам дека бројкиве што се споменуваат не би можеле да ги земеме како точни.

Второ, предложениот закон воопшто не е различен од оној што постои сега. Единствено се разликува во методологијата која за мене е многу понејасна а е поповолна за евентуалните нови купувачи кои би се појавиле. Така што овие, со овој претходен закон што веќе купиле 15 или 20 илјади ќе бидат во дискриминирана положба, да не кажам, во однос на овие што евентуално би купиле. Мислам како Парламент ќе бидеме несериозни ако во еден краток период донесеме закон што ќе создаде уште поголема збрка во оваа област и ќе ги стави во нерманоправна положба, сега условно јас зборувам, некоја нерамноправна положба бидејќи во оваа сфера такви односи се создавале 45 години и мислам дека никој не може да доведе нешто во рамноправна положба.

Сметам дека овие, исто така, поништени членови од Уставниот суд битно не влијаат на суштината на содржината на Законот. Само тој еден член што мислам дека Владата со предлог на измени ќе го дополни и ќе се разреши и суштината на користењето на средствата што се добиваат од продажба на становите.

Се напомна "правичност". Сметам дека овде не може да се постигне правичност од едноставна причина што има луѓе кои воопшто не добиле стан а издвојувале повеќе од 45 години средства. Во образложението на законот се спомнува, што за мене е демагогија, дека од овие средства ќе се издвојуваат средства за изградба на станови, а плус ќе се издвојат средства и за враќаше на оние што не добиле стан по ниту еден основ. Мислам дека ако од 500 илјади вработени само 20 до 25 илјади се носители на станарско право, тоа се 4-5% што треба да вратат за оние што воопшто не добиле. Тоа се сосема мали средства што се занемарливи и не би требало да се спомнуваат, а камо ли да им сеповратат валоризирани на оние што не добиле никакви средства и на оние што живеат под кирија во приватни куќи или станови. Сметам дека е илузорно да се зборува за некоја правичност а со отуѓување на становите барем ќе се создадат услови одржувањето да се пренесе на приватните иматели на станови, а веројатно дека сите и не можат да купат стан. Ќе останат да ги користат становите под услови што ќе ги реши идниот закон за станбени односи.

Затоа сметам дека овој закон не треба да се донесе бидејќи ќе создаде дополнителни проблеми, така што претходните купувачи ќе почнат да вложуваат жалби, да бараат измени и на овој закон за да бидат и тие вклучени во него и сметам дека како Собрание не би требале да донесеме таков закон.

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

Почитувани колеги, ќе се обидам да не повторам ништо, а поради времето и трпението да ја извлечам само сржта на она што сакам да го кажам.

Со новиот текст на Законот не се предвидени никакви промени. Основен акцент е што е можно повеќе да се намали цената на станот.

Во предлогот на новиот закон практично се предлага да се намали бројот на бодовите за местоположба на станот, да се зголеми процентот на амортизација од 30 на 60 максимум и во ставот 1 од точка 8, за секоја изминатa година работа на носителот на станарското право да се намали цената на станот за 0,5 или најмногу до 20%.

Само на кратко би кажал од она што беше изнесено во "Нова Македонија"од пресметката во ПУИГ извршена од неа дека стан на Плоштадот "Слобода" со 25 години со површина од 60м2 би чинел 450 илјади денари, по старата методологија. По новава методологија ако се применат елементите од неа, тој стан би вредел 261,025 илјад. денари или 1 метар квадратен би чинел 4.350 денари или 330 марки. Таков стан сега моментално може да се продаде најмалку за 40 илјади марки, а неговата пазарна вредност изнесува околу 60 илјади марки.

Според образложението на предложениот закон, основна платформа е дека овој закон треба да одговара на платежната моќ на граѓаните, а истовремено да не ја обезвредни цената на општествениот стан. Ваквата амбициозна платформа ако се имаат предвид пресметките што се изнесени е апсолутно неодржлива. Неговото прифаќање би значело практично враќање назад односно во ист период како што беше порано, да се

користат бенифицирани кредити, да бидат многу мали, а потоа да прашаме каде се девизиве.

Бидејќи со овој закон практично законот што е предложен е скоро идентичен со законот што го предлага и со постојниот,суштинските забелешки се однесуваат на методологијата што мислам дека ова Собрание воопшто не е надлежно, туку за методологијата е надлежна Владата.

Имајќи ги предвид сите овие факти на нашава комисија за урбанизам, како матична комисија, респектирајќи одредени забелешки како и одлуката на Уставниот суд, мислам дека заклучоците предложени од Комисијата треба ова Собрание да ги усвои. Тие заклучоци граѓаните треба секако да ги знаат, а не знам дали ќе има можност бидејќи се само три, јас би ги прочитал.

1. Објективно вреднување на становите оштетени од елементарни непогоди,

2. Посодветно вреднување на становите на кои е извршена санација,

3. Проширување на стимулативни погодности на купувачите што се определиле да ги отплаќаат становите на рати.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Вклучувајќи се во оваа дискусија веднаш да кажам дека го поддржувам законот истовремено изјавувајќи како и порано дека воопшто не сум корисник на стан, ниту сум заинтересиран за стан па не би сакал така да се сфати мојата дискусија.

Прашањето за обезбедување стан е животно прашање. Егзистенционално прашање. Не случајно народот вели кој нема куќа, нема стан, или нема стреа каде да се засолни, иако понекогаш и во негативна

смисла, вели дека е бескуќник. Оттаму и значењето за решавање на ова прашање, посебно кога е денеска на дневен ред.

Познато е дека ние, како пратеници патуваме, се движиме ваму или таму а на крајот каде се прибираме? Каде ако не во стан односно куќата. Оттаму ова прашање уште повеќе добива на значење.

Од воведното излагаше на предлагачот слушнавме кој не успеал да ги купи истите. Не ги купиле оние што немале, а тоа се оние со ниски плати, без никакви дополнителни приходи. Додека работев како директор, доделивме еден еднособен стан на еден работник. Станот е сега стар околу 40 години, значи доста амортизиран. Што се случува. Се решил работникот односно сега пензионер да ги купи станот. Реков дека е амортизиран, му побарале околу 4500 марки. Тој е пензионер и самиот си поставува прашање како ќе го купи со една ниска пензија? Свесни сме дека со ниска пензија не можат да се издвојат пари за купување стан. Кога ме праша што да правам, му реков да не го напушта станот бидејќи ќе остане без него.

Се поставува прашање како да го купи? Никако, ако не се дозволи некакви посебни услови што се предвидуваат со предложениот закон.

Денеска се најдов во ОХИС. Еден од работниците ми раскажа дека живее во Скопје Север, во руските згради, на улицата "Боро Менков" во солидарните станови, станови изградени со солидарна изградба. Извршена му е проценка на станот на 46 илјади марки, а бидејќи се работи за трособен стан од 76 квадрати изграден во 1980 година, му е определено да плати 14.200 марки. Работникот има плата 200 илјади поранешни денари или две илјади денари. Прашува Дај, помагај, како да го купам станот? Како да му се помогне?

Реков и дискутантите тоа го рекоа, и јас ќе го кажам дека останаа со нерешено станбено прашање оние што не можеа да ги купат становите. Свесен сум, кога зборувам за тоа, дека има доста кои поминаа низ тие врати а беа во добра економска состојба. Посебно, сигурни верувам дека ќе се согласат повеќето од вас, кога беше првата распродажба на становите, знам дека добри станови кои по моја слободна проценка вредат преку 50 илјади марки ги купија за две-три илјади марки. Дали не правиме одредена дискриминација на овој план? Сигурно дека правиме.

Треба да бидеме свесни да прифатиме она што е можно да помогнеме на оние како што ги нареков бескуќници. Треба да влеземе во положение, бидејќи ако не влеземе ние, кој треба да им влезе во положение.

Благодарам за разбирањето.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, прво, излегов да кажам дека го прифаќам овој закон поднесен од овие станари и ќе гласам за него, затоа што дури сега дознавме дека треба само да се укаже на нашата Влада и на неколку моќници кога тоа го зборувавме ние дека е неправилно донесено и ќе треба повторно да губиме време и други закони да донесуваме. Само со силата на Уставниот суд на овие може да им се руши. Инаку, гледам сакаат пак политички да ја измрдаат оваа законска ограда, да се не донесе со тоа што предлагаат некои политички заклучоци, па 20 дена, па 60 дена, па Уставниот суд и друго. Доста со тие имагинации, зборувајте еднаш во името на народот и во името на правдата.

Како можете да речете не може да се донесе реално, правилно, не може, и јас се согласувам со тоа, но зошто не тргнеме од реалното па на тие да им скратиме што ги зедоа по три-четири илјади. Ама, не може толку правилно да се реши. Да им ги земеме на тие да ги платат по 30-40 илјади марки, да попуштевме кај овие 25 илјади сиромашни што треба да живеат а немаат друго место оти и таму велиме не можеме да решиме правилно, а кај овие е правилно со 3-4 илјади. Како може тој закон што го донесовме додека моќниците можеа да ги земат, закон за 3-4 илјади марки и после веднаш се донесе закон, дотогаш не важи валоризација, а веднаш во 12 часот стапува во сила валоризација на оние што ќе им ги цениме по 20-30 и 40 илјади марки.

Значи, за едните се убедуваме дека нема идеално, навистина нема идеално, но зошто за нив нема идеално а за овие има идеално решение. Еднаш треба, немојте везден да се брукаме. И другите закони да беа покренати, сите ќе паднеа во вода, досега што ги носевме ние, во вакви политички притисоци•

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (продолжение)

Зошто не речеме не е идеално дајте да им скратиме на оние што користеа кредити за викендички и за станови и за куќи. Бидејќи немаа сила да добијат плацеви мораа да земат кредити да изградат некое станче и сега тој стан се валоризира и се продава, а овие кредити со по еден процент камата со 30 години отплата со таква инфлација што направивме? значи, му доплатуваме односно податоци се тие работи. Зошто не ги валоризиравме кредитите тогаш како што се валоризираше. Проверете ги уплатниците ќе видите дека е поскапа уплатницата од кредитот што го уплатуваат во банките." Каде го има ова? Се осиромаши касата, се осиромаши државата. Ете на тој начин ја осиромашивме државата. Се користеа кредити без валоризација со ниски камати, а валоризацијата беше голема. Тие станови им останаа бесплатно, дури и покорисно, дури и користеа пари од тоа. Зошто не се рече дека не е идеално станови продадени за еден моторцикл.1 Каде има таква работа? Јас прашувам посочете една земја каде се врши таква распродажба. Не е идеално, не може да се реши. Како можевте да донесете идеално моќниците што имаа девизи со девизи 70% попуст, а оној, сиромавиот нема девизи 100% да го плати. Оти тоа е идеално,.!.а ова не е идеално. Дајте да го направиме ова другото неидеално не можеме да речеме идеално, но ајде овие ќе користат 70%' попуст а овие што. имаат три до четири стана три пати поскапо да ,ги . плаќаат. Затоа што не им требаат други станови.

Овој закон постигнал 'добри резултати. Па, се разбира дека се добри резултатите,1 ги зедоа становите без пари, со по 70% попуст, а прашајте ги оние 25 до '30 илјади луѓе дали овој закон постигнал резултат. Значи, видете како можеме да се убедуваме со политички работи. Законот

постигна убави резултати, а зошто не ги прашате со петмина моќници да се донесе такво политичко решение да се одбие овој закон и да се чека, а 25 до 30 илјади души да не се почитуваат. Која е таа правдина? Значи овде важи поговорката "на кого законот му лежи во топузот, од него нема ни закон ни топуз"

Велиме дека мала сума за оние кои не користеле, а уплатувале и сега се продаваат. Пак е иста противречноста. Зошто не речеме за тие да им се намали што користеле многу кредит да одземеме од нив, туку велиме што ќе направат овие со нив. Значи тие што ќе направат добро е така не им можат ништо, а овие ако така направиле по 3,4 стана.

Сосема држи овој Парламент еднаш да се осврне зад себе и малку да погледа каде е народот, што бара и такви закони и такви одлуки треба да донесе и затоа овој закон треба да се поддржи, а и законитоста укажува од неправилноста во носењето на политички одлуки и закони во интерес на неколку моќници.

Предлагам овој закон да се донесе, а и кредитите што се користеле оти не е исто двајца вработени што користеле кредит со исплата од 40 години, а уплатувале 80 години, а не зеле кредит, а некој вчера се вработил како директор и зел кредит по основ на вработување, кредит по друг основ, 3,4, кредити, а тоа не може > идеално да се врати, а ова може идеално да се толерира. Не смееме" така да ги поставуваме работите. Секогаш треба да се огледаме на комшиските и подалечните земји како ги решаваат работите и зошто така не работиме, туку тапкаме на едно место, не ги знаеме работите, но не оти не ги знаеме работите, туку од користољубие како може да се донесе таков закон. Ако некој потоа ни укаже ќе речеме а бре не знаевме колку имаме моќ, толку искуство, а знаеме да го искористиме во наша полза.

Да не одолговлечуваме многу јас предлагам овој закон да се донесе без никакво одлагање или со политички заклучок од 20 до 60 дена, па пак да направат некоја  ујдурма да го донесат во нивна корист и пак овие да бидат изиграни.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор господинот Пановски.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, доста се зборуваше и минатиот пат кога се носеше законот за продажба на општествените станови, а околу тоа со каков министер имаме работа и тој што ја води целата работа, господинот Пешев и за неговата сериозност на пристапот кон оваа сложена материја, доволно зборува што тој не е присутен денеска во салата и тој што ги предизвика сите ексцесни ситуации го нема барем овде да слуша што ќе се зборува од оваа говорница, а тоа е и односот спрема Парламентот на оваа Влада.

Сакам да кажам дека во потполност ја поддржувам иницијатива на граѓаните кои дадоа предлог за да се донесе овој закон и ние како пратеници сме должни да имаме малку слух за тоа што бара граѓанството и барем сега кога се носи овој закон да ги заборавиме нашите партиски припадности и интереси и во тој поглед во потполност сакам да го поддржам излагањето и дискусијата на господинот Владимир Митевски и сметам дека сите така треба да дискутираме.

При продажбата на овие станови сметам дека се направија големи неправилности дека огромен број на луѓе по багателни цени си ги купија становите дека огромна маса на луѓе горе на Водно си ги купија своите куќи,

дека огромна маса на луѓе од окупаторската војска кога ја напушташе Република Македонија си ги купија своите станови за без пари и сега овде зборуваме дека овие граѓани ќе биле привилегирани доколку се изгласа законот. Тоа е едно крајно лицемерие, мора да се каже од оваа говорница дека е тоа лицемерие од сите што го кажаа овде.

Морам да кажам и нешто и за друго лицемерие што господата од СДС стално го потенцираат, стално се ставаат во заштита на борците од антифашистичката борба, а само во мојата изборна единица истите тие борци оние обични борци што се бореа 4 години за оваа Македонија^ во Втората светска војна се доведени до просјачки стап и никако не можат барем да си ги откупат становите. Каков е трј однос спрема борците, спрема одредени борци кои беа привилегирани за време на ' војната сега им се даваат огромни тензиии, а оние грото чесни борци што се бореа сега се доведени на просјачки стап и се ставени во оваа категорија од 20 иљади граѓани кои се потписници на ова барање. Тоа е случај таму каде јас живеам. Тоа е една од причините за кои ќе гласам за овој закон.

Исто така сакам да кажам дека предлог заклучоците од пратеникот ЉУбомир Поповски сметам дека не треба воопшто да се гласаат. Јас пред 13 месеци понудив предлог-закон со кој ќе се осниваше министерство за спорт, сите пратенички групи начелно дадоа поддршка, бидејќи некои мораа да дадат од причина што го имаа тоа во своите партиски програми зацртано. На ист начин ми потурија такви предлог- заклучоци дека треба да се донесе и да се направи, но поминаа 13 месеци и до ден денеска тоа не е решено и убеден сум дека нема да се реши.

На овие предлог заклучоци гледам исто како на тие предлог заклучоци што ги предложив јас и затоа сметам дека треба да се отфрлат и законот што ни го нудат овие 20 илјади граѓани да го изгласаме. Тоа не се 20 илјади граѓани, тоа се 100 илјади граѓани, бидејќи сите тие 20 илјади граѓани имаат свои семејства со кои живеат во своите станови.

Да кажам дека не зборувам од лична позиција, немам стан во општествена сопственост, ниту мој близок роднина. Сметам дека треба да одговараме на барањето и повторувам да го изгласаме законот.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, самото прашање е многу провокативно и не можев да изостанам, а да не дискутирам по оваа точка што е на дневен ред. Ќе се запрашате зошто провокативно? Провокативно од една основна и неодминлива причина, а тоа е причината дали со тој закон што ние го донесовме во овој Парламент што го предложи Владата и знаете какви превирања имаше околу тоа дали се постигна основната и првичната цел која го донесовме овој закон и воопшто дали таа Влада и тоа ресорно министерство воопшто ја постигна онаа цел за која си го поставуваше тој закон.

Според мене како граѓанин на оваа држава очигледно е направена една крупна грешка на самиот почеток при донесувањето на овој закон, затоа што Владата или ресорното министерство немала основни податоци за тоа каква е евиденцијата на тој план во Република Македонија и дали со таа станбена политика што се води во Република Македонија до сега и она што сакаме како продолжение или како новитет да го продолжиме во оваа сфера, дали се вклопува во тие национални државни стратешки, економски и политички развојни програми на оваа држава.

Ова ќе ви го потврдам со одредени аргументи само внимателно да ме послушате за да се види основната димензија на грешката што е направена со овој закон.

Прво, ја ставам како клучно прашање евиденцијата која секоја држава треба да ја има.

Второ, каква станбена политика се водела и каква станбена политика треба да се води наредниот период кога велиме дека сме во транзиција во ова наше општество.

Трето, каков развој, тргнувајќи од таа станбена политика, каков развој на релација, село, град.

На крајот какви последици ќе добиеме од сето ова, ќе ни се вратат како бумеранг заради она што не сме го направиле на самиот почеток што го реков како национална државна стратегија што треба да ја градиме во РМ. Можеби прашањето е многу комплексно и бара поголема елаборација. Јас ќе се потрудам во кратки црти да укажам зошто се направени вакви грешки и навистина не гледам во основа дека ова ресорно министерство имала некоја перспектива и цел кога то подготвувала овој закон и кога имала предвид одреден фонд на станови во РМ. Реков дека држава без евиденција не може.ниту да постои, а ниту има право да претендира да правна држава и владеење. на правото. Ние, со самото донесување на овој закон и со оние чинови во Република Македонија што одредени луѓе, одредена категорија на слоеви на граѓани на РМ што поседуваат куќи и повеќе станови што допуштивме да ги купат по исти критериуми, за мене доволно говори дека не е водена елементарна сметка за тоа кој навистина во РМ ќе ги купува овие станови и дали со овој закон ние сакаме целосно или барем делумно или почетно да го решаваме станбеното прашање во РМ. Јас со тој закон не добив анализа да видам до каде е стигната оваа држава со решавањето на станбениот проблем. Немаме таква евиденција и

дали во споредба со квадратурата, тоа се однесува на градовите, затоа што вакви станови има во градовите, дали е решено станбено прашање или не врз основа на жителите што се наоѓаат во овие градови.

Затоа реков дека е направена основната грешка. Кога одиме понатаму немајќи ја оваа евиденција, а и немајќи го статусот на тие граѓани на Република Македонија да видиме дали тие поседуваат повеќе куќи и станови и да не се допушти таквите станови да ги продаваат на истите луѓе и по други критериуми и мерила да се даваат или ако сакаме да земеме пример од поразвиените земји што ^ го имаат многу поправедно, многу посоцијално решено ова прашање како што е Шведска, Австралија и други земји да видевме каква цел сакавме да постигнеме. со тој. закон, а таа цел изостана и да ви кажам народски тоа го направивме заради тоа што мораше да го направиме без никаква јасна перспектива или политика што треба да ја водиме. Нормално, заради тоа веднаш доаѓа третото прашање кое го истакнав на самиот почеток каков развој сакаме да водиме во оваа држава Република Македонија. :

Досега со она што издвојувавме за тој станбен фонд и дававме општествени станови или на. оние социјално загрозените со сила направивме одредена категорија на луѓе кои имаа по 50 погони или 10 хектари земја во село со сил^ .ги натеравме да се направат граѓани . од втор или трет ред. Со сила од [селото ги оттргнавме, ги однесовме во градот да изигруваат лажни граѓани во оваа држава. Дали со овој закон сакавме да извршиме некаква ревизија, сакавме да дотераме некаква праведност или овој јаз уште повеќе да го зголемиме. Јас мислам дека овој јаз го зголемивме,почитувани пратеници и ова ресорно министерство очигледно нема ниту перспектива ниту јасна визија како треба оваа држава понатаму да се гради. Не може, почитувани пратеници во оваа држава кој

сака, кога сака и како сака на кој начин да врши трансакција околу продажбата на становите, преселување село град, па од други држави во РМ посебно сега околу овие превирања што настанаа со војната на поранешна Југославија. Дури купување на граѓани кои не се државјани ла Република Македонија да се отуѓуваат станови што може уште покатастрофално да се одрази врз водењето на станбената политика во РМ, а во тој контекст и на развојот на градот како една целина, а во тој поглед ќе ни се создадат тешкотии, не само на урбанистички план, ќе ни се создадат тешкотии и на планот на вработувањето, ќе ни се создадат тешкотии на планот на деликвенцијата, расте сиромаштијата и со тоа нагло во оваа наша РМ поготово во овие поголеми популациони центри на РМ ќе се развие и сива економија и проституција и дрогаштво. Тоа треба сега на почетокот да го градиме со овие закони и ако имаме една јасна перспектива тогаш ќе можеме компетентно да одлучуваме во овој Парламент, а оваа Влада или тоа ресорно министерство треба да го има на преден план. Јас така мислам да се решаваат работите во нашата држава, а не обратно пропорционално со сила да ги тераме луѓето од селата бидејќи немаат пат, бидејќи немаат електрична енергија, бидејќи се омаловажени, направени се граѓани од десетти ред во РМ, најпотценети се земјоделските и селските работници, па со сила да ги тераме по градовите да живеат во двособни станови или мансарди. Тоа е катастрофална работа што може да ни се случи и . затоа последиците ќе бидат поголеми.

Тргнувајќи од сето ова што беше кажано од почитуваните пратеници .кои дадоа умесни предлози длабоко сум уверен дека со едно потрезвено размислување и во иднина постудиозно гледање на овие закони во

суштина, во основа, мислам дека ќе придонесеме за поуспешно решавање на станбената политика во Македонија и отстранување на сите последици кои порано или подоцна ќе се јават во нашата држава.

На крајот да заклучам дека предлогот на овие граѓани што треба да ги купат општествените станови ќе гласам а овој заклучок што ни беше доставен на пратеничките клупи категорично го отфрлам заради една принципиелност. Не можеме овде во заклучокот да прифатиме нешто што отпосле откако видела Владата дека Уставниот суд на Република Македонија со донесената одлука под број 226 донесена на 22 / февруари 1992 година со која е поништена некоја одредба ние сега повторно да правиме некаков компромис со Владата, заради нејзината сопствена грешка и ние да се ставаме во истата категорија и затоа мислам дека нема потреба од донесување на ваков заклучок, туку едноставно овој закон да го усвоиме и во иднина ова да ни биде поука како не треба да работиме, а не како треба да работиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, предложениот закон од група на граѓани во одреден број, кој го бара уставот ги исполнува формалните услови и може да биде разгледуван како законски проект пред ова Собрание. Тој Предлог на закон се разликува во два дела со постојниот закон за продажба на постојните закони во општествена сопственост.

Првиот дел е во член 9 каде се дава средствата од продажба на становите со постојниот закон , со истите да располага и начинот на нивното располагање го утврдува Владата на РМ. Со предложениот закон разликата е што тие средства се оставаат на сопственикот на станот кој се продава со законско задолжение за станбена изградба.

Втората разлика е што со предложениот закон методологијата околу утврдување на вредноста на станот е составен дел на законот додека со постојниот закон ова право за поблиски прописи го препушта на Владата на РМ.

Значи тие две точки на допирање суштински се разликуваат

Откако ќе ги издвоиме овие допирни точки ќе ја видиме и смислата на предложениот заклучок од господинот Љубомир Поповски пратеник од СДС но со тоа Собранието да ја задолжи Владата да поднесе друг предлог на закон.

Ако е ова вака се поставува прашање дали сега воопшто ќе стане збор да има потреба да се расправа по овој закон или не. Ако го прифатиме предлогот на заклучоци на господинот Поповски, и тој е уверен дека постојниот закон е лош, или не чини нужно е негово изменување тогаш ако имаме такво заедничко мислење да се одлучиме дали предлогот што го дава група на граѓани е решение  кое ќе има навистина содржинска разлика

и потреба сегашниот лош закон да го замениме со нов. Ако е тоа така јас почивуајќи ги одлуките на Уставниот суд на РМ за прогласување на неуставни одредби за дел од постојниот закон, а со овој предлог тие делови навистина се и обработуваат и надоградуваат тогаш би имало смисла ние денеска да се одлучиме овој предлог на закон да го прифатиме. Прифаќањето навистина сега ќе има негативна конотација за Владата за тоа што премиерот од оваа говорница имаше една напишана хартија каде говореше колку средства се вратени на штедачите преку продажба на становите. Сега овде ако се прифати ова решение и одлуката на Уставниот суд кога група на граѓани или поединци, а и организации поднесоа иницијатива за оценување на уставност токму на овој дел на законот и Уставниот суд донесе решение со издавање на времена мерка да не се спроведува законот во тој дел, што значи сега имаме две можни работи. Граѓаните кои купиле станови со пари кои ги немале што ќе биде со нивните долгови и стабилноста на Владата. Договорот ќе треба да остане заклучен, да не се нарушува, меѓутоа Владата промашувајќи го својот начин на извршување и барање од Собранието донесување на закони со кој ќе ја спроведува својата политика ќе треба да падне., Поради тоа јас сметам дека овој закон практично е желба на 20 илјади граѓани дека Владата не ги исполнува своите законски услови за спроведување на закони. Јас за овој закон ќе гласам.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, мислам дека пред некој ден донесовме закон за гаранција на штедните влогови и исплата на штедните влогови на граѓаните. Во таа пресметка ги ставивме и средствата што ќе бидат наплатени од продажба на становите. Сега како можеме да го менуваме законот, да донесува друг закон, намената на средствата да ја

промениме, да ја дадеме за друга станбена изградба кога се договоривме дека системот на колективна градба не одговара. Одиме на пазарен систем и продаваме такви станови, а сега идеме повторно на колективна градба на станови. Јас сум да се гради меѓутоа имаме станбен задруги. Преку станбените задруги граѓаните да удружат средства да градат станови. Да имаат некоја бенефиција по правило социјално загрозените да им се дава со пониски комуналии, да им се даваат кредити од банка итн. со цел да се обезбедат со станови. Меѓутоа во денешно време кога треба да го донесеме законот за трансформација на општествениот капитал ние пак создаваме општествен капитал, со што мислам дека одиме спротивно на политиката што сме ја зацртале, а се декларираме пред Европа и пред ЕЗ дека ќе градиме пазарно стопанство. Некако како да го нарушивме пазарното стопанство многу брзо. Мислам дека овој закон нема економско оправдуваше пред нас, пред јавноста, пред граѓаните штедачи кои очекуваат секој ден да им се вратат средствата. Што за мене Собранието направи една голема работа со која што им даде гаранција за девизните средства, што е сепак една сигурност на граѓаните , иако неможат за кратко време да им се исплатат, но сепак имаат надеж со тоа што еден дел е од овие извори. Утре се продава и деловниот простор, Исто така средствата треба да се наменат за нешто друго. Се договоривме и тие средства треба да бидат за штедачите. Гледавме ние штедачите какви проблеми имаат, немаат средства иако имаат средства, но немаат средства за живот и на некој начин треба да им се обезбедуваат. Сега кога веќе се преземаат сите напори одиме на колективна градба. Мислам дека законот нема издржливост и ваквиот закон би требало да се повлече затоа што не е време сега да се донесе само изменета таа градба, колективна градба

може да има здружени граѓани да внесат средства и да се гради станбен простор за сместување на граѓаните. Меѓутоа, никако овие средства да се пренаменат за друга градба. Мислам дека правиме неправда. Заради тоа не би можел да гласам за законот што се предлага, туку можам, да ја поддржам политиката која беше донесена и политиката со која мораме да одиме на приватизација. За некој ден ќе биде законот за приватизација и ќе мораме до крај да се избориме за приватизацијата до 1995 година да биде преку 50%. И за тоа се залагаме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас излегов само да кажам дека ја поддржува претходната дискусија на господинот пратеник Тодосија Пауновски. Нема да го поддржам овој предлог на закон. Истовремено бев мотивиран од некои искажувања од оваа говорница по повод овој предлог и по повод некои искажувања што беа изнесени од овде во врска со актуелниот закон за продажба на становите, кој е на сила и кој се применува. Овде беа искажани такви мислења во врска со тој закон дека целосно предизвикал негативни последици во неговата примена и дека нема ниедна светла точка во однос на тоа што предизвикува со применувањето. Во контекст на тоа беше поврзан и со оценката на субјектите, пред се на Владата како предлагач на тој закон и искажани одредени квалитативни и за таа власт во врска со тој закон. Јас само сакам ценетите искажувачи од оваа говорница да ги потсетам на тоа дека ние веќе трета година сме во овој парламент и дека постоеше една друга власт која две години активно се занимаваше со тој проблем на начин на кој се занимаваше, со две еднократни забрани по три месеци за непримена на еден закон, на начин на кој што претходниот закон за продажба на општествени станови предизвика такви последици какво

што предизвика и какви што ни се познати , додека актуелниот закон за продажба на општествени станови кои не треба, ниту може да се идеализира со своите решенија, ниту некој досега го идеализирал во рамките на тоа што нуди вакви и онакви решенија, но предизвика реални последици што изврши трансформација на општествениот станбен фонд во бројка во која ја изврши, која на сите им е позната. Во финансиска и материјална вредност која е прибрана и која е позната на сите пратеници и на јавноста, таа намерно не се потенцира дека е пребиен добар дел од штедниот влог на граѓаните и тоа постои како факт и дека намерно од оваа говорница сепак и тоа не се искажува. Проблемот е тоа што одредени говорници од оваа говорница во времето додека ресорното министерство го водеше партијата која што го водеше две години беа во таа партија и две години не нудеа никакви решенија во однос на општествениот станбен фонд, па се сетија постхумно, некаде после 3 години од ова говорница да нудат вакви и онакви решенија, а ја имаа таа можност институционално преку извршната власт тоа да го направат и премногу време. Тоа е прашаше само на нив, но истовремено е прашање и на пратениците токму денес и токму сега да не се манипулира со граѓаните кои навистина се наоѓаат во онаква положва во каква се наоѓаат со дел од граѓаните и кои не можат до крај да акцептираат одредени решенија во законот што постои. Со оглед на тоа дека се наоѓаат во таква материјална положба во каква се наоѓаат па бараат решенија во рамките на постојниот систем тоа егзистенционално прашање да го решат и на ваков можен начин како што предлагаат.

Должен сум исто така да кажам дека Законодавно правната комисија разгледувајќи го законот за кој денеска расправаме оцени дека содржи можни решенија кои би биле прифатливи во рамките на една нормална

демократска процедура дека би ги подобриле решенијата во постојниот закон за станбени односи дека тоа го сугерираше во своите заклучоци Законодавно правната комисија дека одредени решенија од предлогот на законот што го нудат 20 илјади потписници на граѓани би можеле да бидат сериозен предмет на разгледување пред овој парламент и би биле можни акцептирани решенија во постојниот закон преку механизмот на изменуваше и дополнување на законот за продажба на становите и дека и предлагачот во однос на тој заклучок на законодавно правната комисија а гледам дека и заклучокот на Комисијата за градежништво урбанизам и екологија е со слична содржина треба посериозно да го респектирам а во тие рамки е и заклучокот што е предложен овде од пратеникот Љубомир Поповски. Иако тој заклучок има и една мана формално правна затоа што ние како пратеници сме овластени да можеме да поднесуваме измени и дополнувања,, никој нас овде поединечно, 120 не не ослободува од одговорноста со тоа што имаме уставна и законска можност да поднесеме измена и дополна на Законот за станбени однос: како што ни Владата која е должна да ги следи состојбите во однос на ефектите од примена на постојниот закон за станбени односи и доколку ефектите изостануваат, со послаб интензитет се да преземат мерки и активности во делот на утврдувањето на цената за продажба на преостанатиот станбен фонд каде што и при постојната регулатива може слободно да се интервенира затоа што не постои нормативна пречка за тоа. Сите тие субјекти кога би ги извршувале своите уставни и законски обврски би можеле адекватно да придонесат целисходно во однос на целосно разрешување на овој проблем.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Мислам дека спротивниот приод наглавечко залагање за усвојување на ваквиот предлог на закон кој е доставен и кој е оценет од надлежните тела дека вака целосен би предизвикал додатни правни последици во Република Македонија и растројство дека нема за главна цел да ги разреши мериторно проблемите во областа за продажба на станбениот простор, туку има за главна веќе цел, јас ќе кажам да предизвика одредена правна несигурност кај граѓаните со одредени политички последици. Сериозниот пристап би водел по пат од едни можни решенија што претходно ги изложив.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа секогаш ќе страдаме ние кога потпишуваме нешто бланко. Ми се чини дека дојдовме во оваа ситуација не само за овој закон, но за многу закони за кои подоцна ќе следат дискусии односно следеа ние креваме рака без да навлеземе во што е работата во што е суштината. Идеме до таа положба, до таа ситуација кога треба да расправаме за работи кои може да се решат законски и во димензиите на тој закон кој сакаме да го донесеме. Бланко потписите се многу лоша работа. Повеќето од овие закони, бланко потписи, закони, точно и се политизира. Кога се гради една правна држава треба да внимаваме законите да бидат стварни и без политизирање. Јас да ви кажам право секогаш сум бил таков и сега сум на исто мислење дека на крајот на краиштата сиромавиот го добива и дебелиот крај. Односно секогаш гревот го плаќа невиновниот. 20 иљади потписи, 20 иљади плус 5 или плус 4 тоа се 80, 100 иљади и некои не се потпишани, тоа е огромна маса од народ, од луѓе кои воопшто јас не навлегувам во која партија се односно од која страна на политиката тргаат, тие се луѓе кои на некој начин сакаат да живеат.  Грешките кои настанале

со првобитниот закон очити се, бре луѓе, тој што имаше нормално си купи еден, па друг, па трет, па пет, платил, ами се чини не ја плати стварната цена. Владата после носи таму некој закон, ќе кошта еден квадрат толку, па толку, па прва, па втора, па трета, па четврта категорија, никој од вас не знаете кои се тие категории и кога тие категории се донесуваат. Тоа не е важно, знаете за кои не е важно, не е важно за тие што дојдоа до повеќе станови и до повеќе квадратури без пари а за сиромаштијата е многу важно. И една друга работа, една друга работа не пресметуваме убаво, зашто треба да бидеме наклонети кон законот кој сакаат да го донесат маса од 100 илјади луѓе. Затоа што тие не се денешни во тие станови. Нормално тие се сиромаси, припаѓаат во една класа социјално загрозена, тоа е нормално, затоа што ако имаат тие пари во времето кога се продаваат по 2 илјади или по илјада марки тие ќе ги купеа становите и денес ќе немавме расправија.

Малку да избегам од темата, се согласувам наполно дека Владата и дотичното министерство за градежништво, урбанизам и екологија итн. направија една голема грешка, ако сакаат тие да соберат средства требаше многу убаво да седнат во комисии надвор од министерствата и убаво да ги проценат становите кои подоцна ќе се продаваат или се продаваат, на кои луѓе, и со што тие располагаат и од каде им се од крајот на краиштата средствата кои тие го даваат, тие беа минимум.

Греота е затоа што тие луѓе беа 20 или 30 или повеќе години во такви станбени згради. Нормално тие се амортизирани. Повеќето од тие згради се амортизирани. Таа квадратура на живеење ако ја пресметаме колку луѓето плаќале од времето од 20 до 30 години тие веќе се исплатени. Во други појаки држави, демократски, тие станови и таквите простории на социјално да ги наречеме загрозените луѓе на тие веќе не им бараат пари, тие веќе се

исплатени само од кириите што ги давале и од поправките што ги вршеле во тие станови. Тоа да ни биде јасно.

Кога зборуваше еден од колегите во врска со димензијата на Законот, Законот има толку димензии, има толку големи димензии и траат до таму до кога тој се прекршува. Веќе не постојат димензии на закон, штом законот се прекршува, тука постои нешто друго, што не е закон. Манипулирање со Законот, е манипулација и со граѓаните. Никој не е толку прост, никој не е толку сакат во паметот, нека ми простат граѓаните кои што се потпишувале, да даде потпис некаде и да бара некој закон кој ќе му ги задоволи правата. Нормално е, секој од тие граѓани е нормален човек и го дава потписот затоа што се наоѓа во една таква положба, или нема средства да го купи станот има минимална пензија, или пак еве сака да остане во општествена сопственост да добие станарско право, а да не се вика тој корисник на станот, а утре ќе се јави Митко Анастасов, ќе плати две илјади марки и ќе го истера човекот од куќата. Тоа не треба да го дозволиме господа, и треба да го земеме во предвид сето тоа што го имаат напишано во Законот станарите, затоа што нивните потписи се огледало на Законот кој треба да го донесеме ние, не само пред нашата држава туку и надвор од нашите граници, затоа што ние сме наклонети да ја решаваме и социјалната на нашите луѓе,

Да престанеме со една работа да политизираме некои работи. Затоа што со тоа ги понижуваме граѓаните и луѓето. Политизација за секое нешто е нешто ниско. Ние ја гледаме вистината, треба да ја гледаме вистината и треба да ја уочуваме вистината и треба да ја заштитиме вистината. Вистината е тоа и за тоа ќе гласам во рамките на законот што го предлагаат граѓаните кои се во таква положба доведени не од тоа што не сакаат да

имаат пари, но затоа што немаа пари затоа што е толку силата на нашата држава. Благословени да бидат тие што имаат а не благословени тие што немаат, а нив треба да ги обесштетиме уште повеќе не, но на нив да им помогнеме. Само така носиме праведни закони, само така сме демократско општество, само така ќе ги запазиме димензиите на законите во демократската држава.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, се јавив повторно од следните причини во дискусијата од некои пратеници. Не треба по мое да се базираме да биде правилен досегашниот закон, затоа што требало ние да обезбедиме средства за штедачите. Зашто одиме ние на тоа оној што лумпувал, што јадел во кафеани ни сега јас да му плаќам нему. Па, тој нека си плати. Што направме ние од шупливо во празно ќе претураме така ни е. Затоа ние бараме да се видат кај се дадени средствата, девизите, и тие сега со Законот за приватизација ако се дадени во стопанство што не сака да се каже, таму ако е, значи тие ги изеле парите и сега треба ние да платиме што ги изеле парите и плус тоа да им дозволиме да го купат претпријатието што пропаднале девизите таму.

По правило треба ако постои такво нешто тоа да се каже таквото претпријатие или фабрика што не ги вратило девизите, ги промашило инвестициите да се направи попис, прво да ги врати парите да му се одземат парите, а тоа што ќе му остане нека го дела: и нека го продаваат, а не туѓи девизи и туѓа пот да делат некои моќници таму и да го делат претпријатието. Од овие причини нема причина да не се донесе Законот што се предлага. Јас сум свесен дека треба средства и ниеден штедач не рекол друг нека ми плати кога не можеш ти да ми платиш. Тој си ги бара

своите пари и не држи место да се дискутира да обезбедиме средства за штедачите. Значи елајте вие продајте ми ја куќата оние што јаделе и пиеле, да му ги платиме на штедачите парите. Како бре, па затоа ви паѓаат тие закон од неправилно носење.

Затоа сметам, да не зборуваме повеќе, недонесувањето на овој закон ќе предизвика голем грев и неправда кон целиот наш работен народ. И, опаметете се еднаш да донесеме закон за тој работен наш народ што не храни.

**ПЕТАР ТРАЈКОСКИ:**

Јас овој закон го прифаќам како што ќе биде прифатен и од мојата пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ, го прифаќам затоа што е предложено од стотина илјади граѓани македонци на оваа држава, од стотина илја кои одвај го преживуваат месецот на скромен и сиромашен начин од стотина илјади кои се невработени или се стечајни работници или се работници со многу ниски примања, го прифаќам овој закон затоа што на тие стотина илјади граѓани ќе им овозможиме малку поскромен сиромашен живот.

Овој закон се виде дека не се сака да се донесе од претставници на коалицијата, да се одложи за 60,90 дена со кое претставници на Здружението на граѓаните ќе бидат изиграни пак како секогаш што во овој Парламент се играат тие игри.

Ние носиме закон кој е предложен од толкав број граѓани за да добијат тие на полесен начин станови во кои тие живат по 10-20 години, тој од своите скромни плати редовни би го исплаќале итн. Исто така ако предложиме и ако се предложи закон, а тоа ќе се предложи закон со кој би

се одзеле тие станови опљачкани од бившата власт во многу години наназад, ако се донесе закон да се одземач тие вили викендички по три четири спрата, само за еден пример таков закон во овој состав на оваа власт не можеме да донесеме. Секој бил од Свети Стефан на Охридското езеро во Пештани, што ќе види таму, замисли, замоци по 300-400 метри квадратни наречени викендички.

Ако појдеме во Маврово неколку илјади виќендици по 200-300 метри квадратни, народот тоа што го барал пред изборите и сега што го бара не сме моќни заради оваа структура на власт да се врати тоа што е украдено од народот. Ние знаеме дека тоа е скоро 90% изградено со пљачкани пари од народот. Ни треба таков закон со кој или тие ќе се вратат на државата или на народот, или да се продадат тие со кои би се враќале пари на тие девизни штедачи, или пак ќе треба да ги снајде нешто друго. Тоа на народот кога ќе му се преполни чашата не ќе треба никој да го учи ни поучува, никако. Кражбите што настана на пример без закон кога се бркаа милиционерите од становите од бившите офицери тие станови се дадоа за 200-300 марки за стан, а истите тие офицери од ЈНА и ден денеска водат војна таму, а нашава држава без закон им додели станови за 200 и 300 марки.

Нашите луѓе работеле по рудници, фабрики, по земја, во земјоделски комбинати не можат ни за многу поголема сума пари да ги добијат тие станови.

Овие заклучоци што ми се овде доставени се гледа дека Законот сака да се одложи, тоа ќе биде 6 0 дена, а јас ги уверувам претставниците на тоа здружение дека нема да биде 60 дена, тоа ќе биде на 90 дена на година дена, само тој закон да не се донесе да не се исполни волјата на тие стотина илјади наши работници или службеници или независно кој се. Јас сега се запрашувам како ќе се чувствуваат сега тие претставници на толку

иљјади народ кога овде ќе се изигра играта, тоа ќе биде за кратко време и тој закон ќе биде одбиен.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас би сакала да кажам околу оваа проблематика и на Комисијата кога се расправаше за донесувањето на законот што е на сила голем број од пратениците дадоа забелешка дека ние законот го донесуваме без попратните документи кои што не би биле составен дел на Законот, да го оптоваруваат, туку би биле олеснителни за нас пратениците околу донесување на одлуката за изготвувањето или неизготвуваеето на законот, изгласувањето или неизгласувањето на законот.

Од страна на Владата беше кажано дека тоа е владина одлука и дека нема што Комисијата и Собранието да расправаат за уредбата според која ќе се продаваат становите и така законот се изгласа. И сега сите дискусии што беа овде денеска се однесуваат всушност за уредбата на Владата, а не за законот. Бидејќи со тоа Владата си ја зема целата одговорност, аз уредбата, за нејзината исправност и неисправност и ние овде во Собранието не можеме да дискутираме за тоа. За тоа се дискутира на друго место.

Овде исто така беше дискутирано и за некои работи за кои исто така Владата треба да ја сноси одговорноста за неизвршување на законот за станбените односи каде што говори за тоа дека не може да има стан во општествена сопственост оној кој користел станбен кредит за купување на стан или изградба на семејна куќа. А, не може Комисијата ниту Собранието да води увид во тоа како се спроведуваат законите, увидот го вори самата Влада. При спроведување на овој закон за продажба на општествените станови владини органи не ги испитувале ваквите случаи.

Исто така овде од оваа говорница се дискутираше и за поединечни случаи околу купување на становите што е некоректно затоа што секој од своја страна може да извлече по еден пример кон својата страна и да аргументира само со тој случај, а не со случајот 45 илјади станови. Аномалии секако има како во Уредбата така и во нејзиното спроведување. Еве јас ќе земам еден случај што го сметам за аномалија. На пример луѓе од едно семејството што јас го познавам купија 6 стана. Еден стан купи брачниот пар, еден стан родителите на жената, родителите на мажот имаат два стана затоа што се разведени и двајцата си добиле два општествени стана, братот на жената и братот на мажот. Значи шест стана во две семејства кои што се тесно поврзани.

Во однос на ова ние дискутиравме и на Комисијата и ќе ви прочитам само еден дел од извештајот каде што се вели:"во врска со тоа дали постојниот закон ги онеправдува граѓаните корисници на општествени станови наспроти оние кои ги купиле таквите станови по претходниот закон беше искажано мислење дека најнеправедни се оние кои воопшто не го решиле своето станбено прашање, а цело време издвојувале од својот личен доход со станбениот фонд. Токму ова прашање требаше да го реши Владата т.е. претходниот закон во делот каде што се регулираат намената на средствата собрани од продажбата на општествените станови. Бидејќи токму за тој член кој што падна на Уставниот суд се повикува и господинот Љубомир Поповски давајќи ги своите заклучоци сакам да му предложам на ова Собрание да не го усвои заклучокот на господинот Љубомир Поповски затоа што дел од неговиот заклучок се состои во заклучокот на Комисијата за градежништво и урбанизам, а плус тоа тој вели дека дава рок од 60 дена за донесување на измена и дополна на постојниот закон. Досега веќе Владата требаше да даде таква измена и дополна на Законот заради тоа

што спрема Одлуката на Уставниот суд Владата воопшто не може да располага со средствата од продажба на становите. Иако таа сака што побрзо да ги користи тие средства мора да најде начин за користење на овие средства.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА: (**Продолжение)

Ги замолувам претставниците на Валтата,еве овдека е и гледам заменикот министер во министерството за градежништво и урбанизам ова да го имаат предвид кога ќе се донесува измената и дополната на законот, а исто така би сакала да кажам дека, предлагајќи му на Собранието да ги усвои заклучоците на Комисијата, сакам да кажам дека придонесувањето на заклучоците на Комисијата беше присутен и министерот Пешев и тој се сложи со овие заклучоци, бидејќи не кажа нешто друго. Бидејќи господинот Таше Милковски, прочита дел од заклучоците, јас ќе ги прочитам целите.

Комисијата му предлага на Собранието да заклучи Владата на Република Македонија при изготвувањето на измените и дополнувањата на постојниот закон за продажба на становите во општествена сопственост да ги има предвид и заложбите на здруженијата на граѓаните за општествени станови што се однесуваат на утврдување на намерите од Собраните средства.

Второ, по првичните согледувања на ефектите од продажба на становите Владата треба да ги оцени можностите, кои се предмет на уредбата, а се однесуваат за пообјективно вреднување на становите оштетени од елементарни непогоди,по соодветно вреднување на становите на кои е извршена санацијата и проширување на дополнителни стимулативни погодности за купувачите што се определиле да го отплаќаат станот на рати. Сега би сакала да кажам само една реченица во врска со излагањето на господинот Наќе Стојановски, кој што кажа дека новата Владата нудела ново решение. Од претходните Влади имавме закон, кој

што е донесен како закон за продажба на општествените станови, но со основна цел за живување на градежништвото, т.е. средствата собрани од продажбата да одат за изградба на нови станови. А новата влада со измената и дополната на овој закон ја измени целта за донесување на претходниот закон. Па, сметам дека со укинување на членот што ја регулира намената на средствата, овој закон се става во прашање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Наќе Стојановски бидејќи беше спомнат.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас немаше да станам, иако бев спомнат, доколку бев спомнат од други. Во контекстот во кој бев спомнат, но од Биљана Лазаревска по професија градежен инженер и претседател на Комисијата за градежништво, урбанизам и екологија, кажав акт кој по својата суштина и не е акт. Дека претходната влада со продажбата на становите понуди решение намерата од паричните средства за продажба на становите да биде употребена за нова градба. Јас ја прашувам госпоѓата Билјана Лазаревска колку средства, точно е нормативното решение дека беше така, туку кое е практичното решение. Колку средства и колку нови вредности беа изградени со тие средства и со таквото нормативно решение. Тоа е првото и основно прашање.

Второто прашање, што исто така таа го потенцира и го кажа, дека сегашнава Владата понудила овие решенија во однос на продажбата во делот на употребата на средствата, јас ја потсетувам со прашање колку од тие средства што се прибраа беа и практично реализирани. Се работи за цифра од 200 милиони марки, која е евидентна од решенијата на новиот закон, која е опиплива во Република Македонија. А јас ја прашувам која е таа цифра од претходниот закон е која е евидентна и опиплива. Нека биде кажано тука.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Госпоѓо Билјана Лазареска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Прво, бидејќи господинот Наќе Стојановски е во заблуда, јас сум архитект а не градежен инженер, а понатаму да кажам дека јас со цифри нема одовде да излегувам поради тоа што цифрите си ги даде и Владата, си ги даде и ПУИГ и Министерството кое што ја води таа проблематика. Јас зборував за суштината за сржта за целта за донесување на законот. Не зборувам за средствата. Бидејќи вие спомнував овдека средства малку позамашни и поголеми, мене многу ќе ми беше мило тие средства да беа наменети за изградба на нови станови кад е што ќе беа третирани луѓе кои воопшто си го немаат решено станбеното прашање. Јас не зборувам за тоа дали претходната Влада беше во ред и оваа. Но, инаку за волја на вистината не претходната, но една претходна влада го донесе законот со една основна цел да заживи градежништвото и јас како архитект и сите други кои што се и градеж инженери овде не можат за нешто друго да се залагаат, освен за тоа средствата собрани од еден закон кој што е донесен со основна цел да заживее градежништвото, една нова Влада да ги примени за нешто друго. Во тоа беше мојата дискусија, а не околу цифрите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Личоски.

**ВЕЦКО ЛИЧЕСКИ:**

Господа пратеници, јас не сакам многу да ве задржувам и се извинувам што вака по втор пат се јавувам. Прво, треба да знаеме дека овие 20 илјади потписници не се партиски определени, тие се непартиски определени. Овдека се 20 илјади потписници, меѓутоа, станови се 48000, кои што не се продадени. А треба да се продадат тие станови. Да се продадат. Да не одиме дали тоа било од една партија или од друга партија, јас не зборувам сега во партиски стил, туку зборувам во стил на оние 48000

илјади станари кои што треба да ги купат становите. Меѓутоа, зошто се јавив. Се јавив само заради тоа да го објаснам вештото кое што се вика овдека дека девизните средства треба да ги обезбедат овие станари кои што треба да ги купат становите. Јас мислам дека на една од претходните седници ние се расправавме за некој закон таму за деивзните штедачи, кој што е донесен на 4 мај односно предложен на 4 мај. А, законот што ние го применуваме некаде е во 19 92 година. Ако имало некакви плаќа во тој случај девизните штедачи, кои што овде се 854282 или во сума на германски марки 1520360, јас мислам дека ќе се намалело тоа плаќање.

Уште едно, ако се смета дека оние 12 илјади и кусур кои што беа и петсто до 600-тини колку беа станари што ги откупија становите, така наречено за беспари, за две три илјади марки, треба овие 48000 да им ги надокнадат на нив односно да го надокнадат изгубеното. Во тој случај подобро и поцелисходно ќе биде да се каже од оваа говорница дека луѓе, вие 48000 треба да платите сега за да го надокнадите она што е изгубено односно средствата. Според тоа, да заклучам, да не се јавувам по втор пат го користам деловничкото право за овој закон барам да се гласа поединечно.

**ЏЕЈХАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господинот Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ако ми дозволите накусо би образложил зошто го дадов овој заклучок пред Собранието на изјаснување но, веднаш на почетокот би сакал да кажам дека, навистина,  ниту достоинството ниту

самопочитта, би сакал да кажам ниту поттчита спрема сите вас не би ни дозволила во ниедна прилика да кажам дека од тие и тие причини или обично без причини нема да гласам за тој заклучок, дотолку повеќе ако се погледа, ќе видите дека овој заклучок на некој начин произлегува од ставовите и на Комисијата за урбанизам и градежништво и од ЗПК. Така што, да внимаваме.

Собранието на Република Македонија при крајот на 1992 година го донесе законот за изменување и дополнување на законот за продажба на општествените станови. Практичната примена на овој закон предизвика голем број на спротивставени мислења, а најгласни беа реакциите и сеуште се на граѓаните корисници на општествените станови односно на граѓаните, кои согласно овој закон требаше и треба да ги купат становите.

Разбранувањето што го предизвика овој закон беа причина за поведувањето на постапката пред уставниот суд на Република Македонија за оценување на уставноста на одделни одредби на овој закон, а уставниот суд во февруари 19 93 година донесе одлука која е позната на јавноста и не би требала истата сега да ја образложувам. Граѓаните корисници на општествените станови незадоволни од она што го пропишува законот согласно член 71 од Уставот на Република Македонија до Собранието доставија предлог за донесување по итна постапка на закон за продажба на становите во општествена сопственост, кој закон е денес на расправа пред Собранието.

Надлежните комисии, на Собранието, го разгледаа овој закон предложен од над 20 илјади граѓани и оценија дека нема потреба од донесување на нов закон за продажба на становите во општествена сопственост. Но, едновремено Комисиите оставаат простор за предлагање на законот за изменување и дополнување на законот за продажба на општествените станови, но и во овие извештаи на работните тела е

посочено дека предлагачот на законот треба да достави до собранието изменување и дополнување на законот кој сега е во сила. биејќи согласно уставот како предлагач на закон може да се јави пратеник, владата или над 20 илјади граѓани, мислам дека доколку се остави на граѓаните, кои веќе доставија закон повторно да предложат закон за изменување и дополнување на постојниот закон, процедурата за доставување и предлагање на таков закон би одзела многу време и простор, а со тоа не би се создала можноста од што поскоро реагирање и изменување на постојниот закон, со што би се отстраниле одредените недоречености и пропусти во постојниот закон.

Во контекст на определбата и залагањето за изменување и дополнување на постојниот закон е и одлуката на уставниот суд. НО, исто така, и аргументите од потписниците на законот што денес е на дневен ред. НО, и реакциите на граѓаните корисници на општествени станови.

Сакам само накратко да се задржам на одредени реагирања на корисниците на општествените станови. Имено, при утврдувањето на критериумите за проценка на становите не се земени во доволна мера аргументите за оние станови кои се градени пред 45 години без никаква асеизмичка статика, градени со полски тули по сите стандарди и овие станови да се изедначуваат со становите градени после земјотресот по сите норми на асеизмичка градба за трусни подрачја, па и со оние станови градени во последните три години и истите продавани со попуст од 70%. Становите градени пред 40 години се веќе амортизирани во најголема мерка и би требало истите со оглед на староста да бидат соодветно вреднувани од законодавецот. Исто така, голем број забелешки, негодува&а е и кон извршените проценки на становите и калкулацијата од соодветните комисии.

Бидејќи, главно,се оделокон генерализирање на се она што еден стан го содржи без конкретно и поединечно проценување на секој стан, а особено на становите градени пред 30 или 40 години. Мислам дека надлежното Министерство на Република Македонија врз основа на досегашното искуство од примената на постојниот закон, но и подзаконските акти можела да ги согледа недореченостите, пропустите што се провлечени со овој закон, но исто така, и потребата од изменување и дополнување на постојниот закон, поточно на уредбата. Владата врз основа на одлукана Уставниот суд,а и реакциите на граѓаните корисници на општествени станови, како и од најголемиот дел од одредбите на Законот, предложен од над 20 иљади граѓани требало да изготви и на Собранието да му достави предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост. Според тоа, сметам дека нема потреба од донесување на нов закон, бидејќи постојниот закон на некој начин ги уредува постојните односи во оваа област, туку врз основа на расправата на извештаите на собраниските комисии и на Законот од 20 иљади граѓани, да го донесе следниот заклучок кој што ви беше поделен, односно Собранието укажува на потребата Владата на Република Македонија да подготви предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост,со Предлог на закон, при што да ги има предвид и одлуката на Уставниот суд од 20 февруари 1993 година, Законот предложен од 20 иљади граѓани и дискусиите изнесени на седницата на Собранието и на Собранието на Република Македонија во рок од 60 дена. До колку овој рок се мисли дека е голем, може да се скрати.

Вториот заклучок е дека овој заклучок може да се достави до Владата и до Министерството за урбанизам,градежништво и екологија

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за продажба на становите во општествена сопственост.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

32 пратеника гласаа за.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Процедурално за збор се јави господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Согласно Деловникот и бидејќи се сомневам во гласањето, барам поединечно гласање. Имам поддршкао д десет пратеници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, секретарот да почне со поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

с п и с о к

на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

1. ФАИК АБДИ - воздржан
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА - за
3. ЕШРЕФ АЛИЈУ - против
4. ХАМИТ АЛИУ - не е тука
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ - за
6. СТОЈАН АНДОВ - не е тука
7. ТИМЕ АНДОНОЅ - воздржан
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - за
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ - не е тука
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ - за
11. ДРАГИ АРСОВ - за
12. БРАНКО АРСОВСКИ - не е тука
13. ДУШКО АРСОВСКИ - воздржан
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ - против
15. ЈОРДАН БОШКОВ - не е тука
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ - не е тука
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - против
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - воздржан
19. ПЕТАР ГОШЕВ - не е тука
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - за
21. САНДЕ ДАВЧЕВ - воздржан
22. РАТКА ДИМИТРОВА - не е тука
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - не е тука
24. ТОДОР ДИМОВ - воздржан
25. ДОСТА ДИМОВСКА - за
26. БОРКО ГОРЧЕСКИ - за
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ - не е тука
28. ПЕТАР ГОРГИЕВ - не е тука
29. ЗУДИ ЕМИНИ - за
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ - против

31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - за
32. НАСЕР ЗИБЕРИ - не е тука
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - не е тука
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ - не е тука
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ - не е тука
36. ИВАН ИВАНОВ - воздржан
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ - не е тука
38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - воздржан
39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ - воздржан
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ - за
41. РИСТО ЈОВАНОВ - против
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ - за
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ - против
44. ТАШКО КИРОВ - за
45. ЗОРАН КИТЕВ - за
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ - за
47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - воздржан
48. ГОРГИ КОТЕВСКИ - за
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ - не е тука
50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ - за
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА - воздржан
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ - за
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - за
54. ЕФТИМ МАНЕВ - воздржан
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - воздржан
56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА - воздржана
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ - не е тука
58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ - против
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ - не е тука
60. ПАНЧО МИНОВ - не е тука
61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ - за
62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ - за
63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ - против
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ - воздржан
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ - воздржан

66. НАИФ МУСТАФА - не е тука
67. ПАНЧЕ НАСЕВ - не е тука
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - не е тука
69. СИМОН НАУМОСКИ - не е тука
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - за
71. ЈОВАН НИКОЛОВ - воздржан
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - против
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ - за
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - против
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ - против
76. ТОДОР ПЕТРОВ - не е тука
77. ТОМИСЛАВ ПЕ^ЦАКОВ - не е тука
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - не е тука
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука
80. КИРО ПОПОВСКИ - воздржан
81. ЉУБОМИР ПОЦОВСКИ - воздржан
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ - против
83. ШАБАН ПРЕВАЛА - воздржан
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ - против
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ - не е тука
86. ИВАН РАМБАБОВ - воздржан
87. ШУКРИ РАХИМИ - воздржан
88. ФЕРИД САДИКУ - воздржан
89. НЕИМ СЕЛМАНИ - не е тука
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ - воздржан
91. АЦО СПИРОВСКИ - за
92. РИСТО СТАМЕНОВ - не е тука
93. РИСТО СТАНКОВСКИ - не е тука
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - за
95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - воздржан
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - против
97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - не е тука
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - за
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - за
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - за
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - воздржан

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ за
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ за
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ - за
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ против
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - за
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - не е тука
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за
109. АГИМ ФАЗЛИУ - не е тука
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - за
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - не е тука
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ- воздржан
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - против
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - против
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - не е тука
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - не е тука
120. ХИСНИ ШАЌИРИ - за

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 81 пратеник.

За гласале 37 пратеници.

Против 17 пратеници.

Воздржани 27 пратеници.

Предлог-законот не го доби потребното мнозинство за да се оди во понатамошна процедура.

И покрај тоа што овој закон не помина не значи дека Владата или поединечен пратеник не може да поднесе предлог за дополнување и измена на Законот, а на Владата ќе и се достават белешките од денешната расправа што се водеше по Законот и заклучоците на Комисијата за урбанизам, градежништво и на пратеникот Љупчо Поповски.

Има збор госпоѓа Биљана Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи ние во Комисијата доста расправавме за тоа што се дискутираше таму и при донесување на тие заклучоци едногласно во Комисијата се донесе одлука овие заклучоци да бидат предложени до Собранието и да имаат обврзувачки карактер, а да не остане само празен збор на хартија. Јас барам да се гласа за овие заклучоци.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи Собранието не може да ја задолжува Владата со вакви заклучоци, ние не ги ставаме на гласање.

Минуваме на **точка 12** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за инспекција на трудот, со Предлог на закон.</u>

XI6.-

Предлогот за донесуваше на закон со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за инспекција на трудот.

Кој е за, молам да крене рака? (49 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (3 пратеника).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Ги молам службите пред да продолжиме со работа да ги повикаат пратениците во собраниската сала.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на насловот а ЗПК поднесе амандман на член 1 став 1,2 и 3 со кои се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Значи амандманите се прифаќаат и тие стануваат составен дел на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Законодавно- правната комисија поднесе амандман за бришење на член 2 по кој Владата не е произнесена.

Молам претставник на Владата да се произнесе по поднесениот амандман.

**ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:**

Амандманот 2 од ЗПК не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 2 поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (2і пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за инспекција на трудот.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Јован Манчев ски, Фаик Абди, Вецко Личовски, Коле Луловски, Газменд Ајдарага, Благоја Чкатроски, Владимир Митевски, Михаил Пановски, Димитар Трпеновски, Наќе Стојановски, Стојмир Цветковски, Никола Стојановски, Димитар Димитровски, Симеон Наумовски, Иван Иванов и Гоце Андоновски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат и дополнителни прашања.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас со дадениот одговор од страна на Владата не сум задоволен, бидејќи во барањето, односно поставеното прашање не е даден конкретен одговор. Зошто така Републичкиот суд за прекршоци постапува по однос на општинските одлуки бидејќи и во одговорот се вели дека тие општински одлуки се земени, со пренесувањето на правата од општинските собранија до тогашниот Извршен совет, меѓутоа не се постапува по истите. Зошто Републичкиот суд за прекршоци така постапува. Затоа барам дополнителен одговор на писмено.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

XI9.-

Господинот Ајдарага постави дополнително прашање и бара писмен одговор од Владата.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

4 Почитувани пратеници јас не сум добил одговор на поставеното прашање кое го поставив пред шест седници, а на четири наврати барав одговор од Министерството за правосудство, но до ден денеска немам добиено одговор. Барам устен одговор зошто не се одговара.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ;**

Ова не беше во рамките на прашањата кои добиле одговор значи не се бара дополнителен одговор.

Дали има уште пратеници кои бараат дополнително објаснување на поставените прашања, или не се задоволно со одговорите на прашањата.

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас на педесет и шестата седница на Собранието од Владата побарав да ми одговори на прашањето дали надлежните органи на Владата на РМ ќе преземат мерки да може нормално да работи подрачната единица на Републичката геодетска управа во општина Демир Хисар. Одговорено ми е во еден поширок контекст на одговор дека единствено во општина Демир Хисар со преструктуирање на поранешните општински геодетски управи од страна на Републичката геодетска управа единствено во општина Демир Хисар Општинската геодетска управа на Демир Хисар не може да добие статус како Одделение за премер и катастар од причини што работите и работните задачи по обем и содржина се мали, заради што е неекономично и нерационално постоење на истурена организациона единица.

Што се однесува до потребите на граѓаните во врска со остварувањето на своите права, во врска со недвижностите тие ќе можат да

ги остваруваат во Демир Хисар кај Републичката геодетска управа односно Одделението за премер и катастар од Битола со свои вработени ќе ги опслужува во соодветно обезбедена работна просторија

Јас од ваквиот одговор на Владата не сум задоволен од причини што причините кои се наведени овде дека општинска геодетска управа не може да прерасне во Демир Хисар во единица на Републичка геодетска управа не држат дека работите се мали затоа што споредбено со недвижниот имот што го има територијата на општина Демир Хисар како земјиште шуми и згради далеку е над површината на недвижностите што ги имаат други соодветни општински подрачја каде се задржани општинските геодетски управи. Ако тоа е единствениот критериум за да одредена организациона единица од овој домен има обем на работа ваков или онаков, јас незнам зошто паушално се дава ваков одговор дека работите и работните задачи се мали во оваа подрачна единица.

Понатаму поставувам дополнително прашање дали Владата ќе ја преиспита организационата поставеност на Републичката геодетска управа во однос на подрачна единица во општина Демир Хисар за да би можеле граѓаните непречено да ги остваруваат своите права што се однесуваат во врска со недвижностите од страна на премерот и катастарот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој од пратениците кои поставиле прашање бараат дополнителен одговор? (нема некој)

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владата на Република Македонија односно до министрите и другите функционери кои раководат со органите на управата.

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Вчера бев во Прилеп на состанок со народот на Прилеп и ми беше поставено едно прашање на Прилепската телевизија на кое не можев да дадам одговор. Им ветив дека прашањето ќе го поставам пред Владата на РМ, пред Институтот за социолошко- политички и правни истражувања и пред МАНУ . На име дали според меѓународните стандарди Парискиот пакт, Хелсиншкиот пакт и другите документи РМ претставува мултинационална, мултиконфесионална, мултијазична и мултикултурна средина? Ако е, е ако не е, не , така што и овде ќе се смират малку духовите на таа линија на која на станувaат расправиите. Тоа е првото прашање.

Второто прашање што барам одговор од Владата е следното: Дали и зошто, ако не е до сега, зошто Владата на РМ до сега не го потегнала прашањето со Владата на Република Германија не само со Северна Рајна-Веставалија, туку и другите при враќањето на Ромите азиланти од Република Германија да им се помогне и во другите градови не само во Скопје.

Еве овие две прашања се многу битни и би барал многу по итен одговор затоа што пред малку имаше одговор на едно прашање кое чекало многу одамна и навистина нема смисла.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Прашањата упатени до Владата на РМ се следните:

Колку хуманитарна помош во лекови и опрема до сега е дојдено во Министерството за здравство, во Црвениот Крст на РМ од каде, односно од кои земји?

Колкав е обемот на помошта, која вредност ја има и спецификација за секој од нив?

Како истата е дистрибуирана низ РМ односно на кој принцип е распределена помошта во Скопје и во центрите во РМ.

Ова беа повеќе прашања, меѓутоа, од еден ист комплекс.

Второто прашање повторно упатено до Владата е следното:

Врз основа на кој закон Јавното претпријатие ПТТ и покрај уставно гарантираното платежно средство во РМ денарот има извршено неповратна наплата од граѓаните на Македонија за приклучување на телефонски линии во Германски марки, дали тие средства се согласно законот уплатени во Народната банка на РМ и ако не се која е судбината на тие средства односно што има преземено Владата на РМ на тој план?

Согласно Деловникот на Собранието барам Владата да ми одговори писмено на поставените прашања и тоа во рок од 15 дена.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

На Липковскиот терен селата Липково, Матејче и Оризаре имаат проблеми со електричната енергија чиј интензитет е многу низок и на граѓаните од овие села им нанело голема штета на апаратите од бела техника. Со цел да најдат излез од оваа лоша состојба, месните заедници од овие села се обратиле до Електродистрибуцијата во Куманово. Од водените разговори истиот орган за санирање на овој проблем барал 100% финансиски да учествуваат граѓаните Бидејќи оваа мрежа припаѓа на управување и одржување на Електродистрибуција Куманово, ја прашувам Владата односно ресорното министерство дали треба да партиципира Електростопанството и ако партиципира ме интересира со колкав процент го обврзува законот?

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Барам Владата да ми одговори на прашањето кој од Владата има издадено дозвола за увоз на ориз односно на оризова арпа?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

До Владата на РМ ги поставувам следните пратенички прашања и барам писмено да ми се одговори.,

Првото е по настаните на Бит пазар учествувале и службени лица, па прашањето ми е дали до сега против органите на МВР е поднесено барање за покренување на кривична постапка, ако е поднесено против колку лица, ако постапката е завршена против колку лица од Министерството одговориле кривично или прекршочно?

Второ, според одредбите на Уставот на РМ амнестија дава Собранието на Републиката. Меѓутоа, прашањето ми е дали Владата односно ресорното министерство има намера да поднесе барање за амнестија кога го имаме предвид фактот дека РМ е зачленета во 00Н и сметам дека за овој факт би требало да се размислува.

Трето, на излезот од градот Тетово во правец на Скопје се градат две бензински пумпи и тоа на оддалеченост од околу 2-3 километри. Кој ја издал таа дозвола, се разбира надлежното Министерство, меѓутоа, дали ги имало предвид сите критериуми и дали на вистина тие критериуми одговараат на фактичката положба за што двете бензински пумпи се градат на плодно земјиште, а едната бензинска пумпа се поставува помеѓу двата пата, новиот асфалтен пат и стариот пат. Ако е донесена одлука да се прошири патот Тетово- Скопје кој ќе ги сноси трошоците за дислоцирање на истите?

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

До надлежните министерства што има преземено надлежното министерство за извоз на јагнешко месо во ЕЕЗ и

Второ прашање што ќе преземе Владата околу укинувањето на константниот дел за наводнување на земјоделските површини.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Сакам писмено да ми се одговори и тоа од Министерството за внатрешни работи.

Имаме сознанија дека во РМ доаѓаат од разни националности да работат како физички работници, а некои од нив се бават и со трговија.

Полицијата во Тетово, Гостивар и други места имаат претресувано во многу куќи и села и побарала тие од Косово да се депортираат назад. Се поставува прашање колку лица и од која националност се депортирани од РМ во соседните држави?

Одговорот го барам по писмен пат.

**ФЕРИК САДИКУ:**

Барам писмен одговор, а прашањето го упатувам до Министерството за внатрешни работи, а се состои во следното:

Што презема МВР околу намалувањето на редиците за здобивање на потребна документација на граѓаните за стекнување на државјанство и слични исправи?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас барам писмен одговор од надлежното Министерство, а се состои во следното:

Од каде произлегува учеството на приватните претпријатија во финансирањето на јавната потрошувачка со само 6,8% наспроти нивното учество во вкупниот приход на стопанството со 20 до 25%.

Второ, што мисли Владата да преземе за зајакнување на контролата и за поефикасна наплата на даноците и другите приходи?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Прашање до Владата на РМ. Дали таа во својата надлежност ќе покрене иницијатива во Собранието на РМ за одземање на пратеничкиот имунитет на пратеникот Мухамед Халили и дали има намера по тоа да покрене и кривична постапка со оглед на познатото настапување на овој пратеник во делегацијата на Република Албанија во Прага по кој настап

практично на РМ и беше оневозможено прием во стално членство во оваа меѓународна институција?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Одпочнување на постапка за одземање на имунитет на пратеник не е работа на Владата, тоа е работа на Комисијата за избори и именувања и тоа е чиста материјална ингеренција на Собранието на РМ.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мене ми е познато како се покренува иницијатива и кој одлучува, но ме интересира Владата во својата надлежност особено во ресорот на Министерството за односи со странство и МВР на РМ дали тие сметаат дека постои основ и дали имаат чувство на одговорност за тоа дека се нарушени едни од највиталните интереси на РМ како што е оневозможувањето на прием во стално членство во ЌЕБС и не би брзал со такви паушални изјави на местото на министерот за правосудство на РМ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Ја молам Владата, бидејќи сите пратеници ги поставија прашањата и бараат одговор по писмен пат во соодветно време да им одговори.

Ве известувам дека Владата на РМ достави одговор на дополнителните прашања на пратениците Фаик Абди и Ферик Садику.

Ги молам пратениците да се произнесат по одговорите.

(пратениците не се во салата)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 62-та седница на Собранието на РМ.

( Седницата заврши со работа во 15,10 часот)